Регионална платформа на западен Балкан за застапување
на слободата на медиумите и за заштита на новинарите
Western Balkan's Regional Platform for Advocating
Media Freedom and Journalists' Safety

# Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите [МАКЕДОНИЈА]

# Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите [МАКЕДОНИЈА]

**Автори:**
**Бесим Небиу**
**Насер Селмани**
**Драган Секуловски**
**Никола Наумовски**
**Декември 2017**

Показатели за степенот на слобода на медиумите
и за безбедноста на новинарите (Македонија)

Издавач
Здружение на новинарите на Македонија

ЗДРУЖЕНИЕ
НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА

Градски Зид блок 13, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел. 00389 (0)2 3298-139
Факс 00389 (0)2 3116-447
www.znm.org.mk

Автори
Бесим Небиу, Насер Селмани, Драган Секуловски и Никола Наумовски

Лектор
Вања Димитрова

Дизајн
comma | communications design

Оваа публикација е изработена со финансиска
поддршка на Европската Унија. Содржината на
публикацијата е единствена одговорност на
Независното здружение на новинарите на Србија и
на авторите и на никаков начин не може да се смета
дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# Содржина


**Вовед** **5**

Индикатор А: Правна заштита на слободата на медиумите 6

Индикатор Б: Позицијата на новинарите во редакцијата, професионалната етика и нивото на цензура 7

Индикатор Ц: Безбедноста на новинарите 7

**А. Правна заштита на слободата на медиумите** **9**

А.1. Дали националното законодавство обезбедува гаранции за слободата на медиумите и дали истите ефикасно се спроведуваат во практиката? 10

А.2. Дали законите за клевета предизвикуваат ефект на заплашување кај новинарите? 13

А.3. Дали постои доволна правна заштита на политичкиот плурализам во медиумите пред и за време на изборните кампањи? 14

А.4. Дали слободата на новинарската работа и на здружување се гарантира со закон и дали законот се спроведува? 15

А.5. Какво е нивото на правна заштита на новинарските извори? 16

А.6. Какво е нивото на заштитата на правото на пристап до информации? 17

**Б. Позицијата на новинарите во редакцијата, професионалната етика и нивото на цензура** **19**

Б.1. Дали економската положба на новинарите се злоупотребува со цел да се ограничи нивната?слобода 20

Б.2. Какво е нивото на уредувачката независност од сопствениците на медиумите и органите на управување? 21

Б.3. Кое е нивото на уредувачката независност на новинарите во ЈРС? 22

Б.4. Кое е нивото на уредувачката независност на новинарите во непрофитниот сектор? 22

Б.5. Колку слобода имаат новинарите во процесот на производство на вести? 23

**Ц. Безбедноста и статистиката на неказнивост** **25**

Ц1. Статистика за безбедност и неказнување 26

Ц.2. Дали државните институции и политичките актери преземаат одговорност за заштитата на новинарите? 29

Ц.3. Дали кривичниот и граѓанскиот судски систем ефикасно се справува со заканите и насилството врз новинарите? 30

**Прилог** **32**

Листа на интервјуирани лица 32

**Библиографија** **33**

Правни документи 33

Документи за политики 34

Публикаци 34

Онлајн текстови 34

# Вовед

Оваа студија ја анализира во детали состојбата со слободата на говорот и слободата на медиумите во Македонија во последните три месеци од 2016 година и првите девет месеци од 2017 година. Во студијата се анализира законската рамка поврзана со слободата на говорот, социоекономската положба и безбедноста на новинарите и е надополнување на минато-годишната студија на ЗНМ „Показатели за степенот на слободата на медиумите и за безбедноста на новинарите во Македонија". Главната цел на ова второ истражување е да ги идентификува промените и да направи споредба со нивото на медиумските слободи и безбедноста на новинарите од 2016 година. Во него се идентификувани клучните проблеми и предизвици и се препорачуваат мерки што треба да се преземат за да се подобри состојбата во медиумскиот сектор во Македонија.

За потребите на оваа студија беа употребени различни квалитативни и квантитативни методи за собирање и анализа на податоци:

- Квалитативна анализа на документи (КАД): истражувања и анализи на други истражувачки организации и академски институции, невладини организации, индивидуални истражувачи и сл.; официјални документи публикувани од јавни институции (правни акти, подзаконски акти, стратегии, годишни извештаи, записници од состаноци, соопштенија за печат) и медиумски текстови (вести, извештаи, статии, анализи и други објавени материјали).
- Квалитативни интервјуа со 11 лица (новинари, адвокати, медиумски експерти, претставници на јавни институции или невладини организации).
- Анкета со 69 новинари од различни медиумски организации, реализирана во 2016 година врз основа на структуриран прашалник подготвен во рамки на меѓународното истражување на Световите на новинарството (Worlds of Journalism Study).
- Официјални статистички податоци кои се побарани од јавните институции или се добиени преку достапните интернет страници или од други објавени извори.

Истражувањето покажува дека состојбата со слободата на медиумите во Македонија се влошува и е речиси иста во однос на минатата година. Овој заклучок не се промени и покрај тоа што кон средината на оваа година Македонија доби нова Влада, која прашањата  за слободата на медиумите и безбедноста на новинарите ги стави на својата листа на приоритети. Како што е наведено во годишниот извештај на Фридом хаус за 2017[1] година, медиумите во Македонија не се слободни, а според индексот за слободата на медиумите на Репортери без граници, земјата се наоѓа на 111 место, од вкупно 180 држави.

## Индикатор А. Правна заштита на слободата на медиумите

Слободата на медиумите е заштитена со Уставот[2], но медиумските закони сè уште се проблематични, бидејќи не се усогласени во целост со препораките на Советот на Европа и практиката на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Во текот на 2017 година немаше интервенции во уставната рамка, ниту пак поголеми промени во законската регулатива, односно во Законот за медиуми[3] и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ).

Во рамките на политичките преговори меѓу партиите за решавање на политичката криза, посредувано од меѓународниот фактор, беше изменет членот 75 од Изборниот законик, а со тоа мораше да се усогласи и Законот за медиуми. Овие измени имаа за цел, преку директна политичка интервенција во законите, да се подобри известувањето на медиумите за време на изборната кампања. Со закон им се наметна обврска на јавниот радиодифузен сервис и на сите приватни медиуми кои ќе ги покриваат изборите, да известуваат на правичен, избалансиран и непристрасен начин. Ваквиот пристап беше критикуван од ЗНМ затоа што партиите наместо да се занимаваат со причините што доведуваат до непрофесионално известување на медиумите, се справуваат со последиците.

Со законските измени партиите се согласија во рамките на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да формираат Привремена комисија за надзор на медиумското известување во текот на предизборниот период. Ова ад хок тело, составено од пет члена, номинирани од страна на четирите партии,  го оценуваше известувањето на медиумите за време на изборната кампања, а АВМУ врз основа на овој мониторинг изготвуваше периодични извештаи на 10 дена, во кои утврдуваа прекршувања на принципите на фер известување за кандидатите и препорачуваа мерки до судот.

Во текот на изборниот период ад хок телото покрена шеесетина прекршочни постапки против медиуми, од кои шеснаесет се однесуваа на неизбалансирано известување, шест на прикриена кампања на владини функционери и дваесет за политичко рекламирање. До денот на изборите, судовите разгледаа само два предмети, и обата ги отфрлија, што ги потврди ставовите на ЗНМ и локалните медиумски организации и на

1 Фридом хаус, Профил на Македонија – Слобода на печат 2017, Пристапено ноември 29, 2017: https://freedomhouse.org/report/freedom-press/2017/macedonia

2 Устав на Република Македонија.
3 Закон за Медиуми на Република Македонија

експертската јавност дека проблемите на медиумскиот сектор не можат да се решат со привремени решенија, туку со сериозни и одржливи реформи.

Исто така, во јули 2016 година, четирите најголеми парламентарни партии од власта и опозицијата се согласија опозицијата да назначи главен и одговорен уредник на Информативната програма на МРТ1, во консултација со другите парламентарни партии, сто дена пред изборите, а чиј мандат ќе заврши ноќта на изборите.

### Индикатор Б: Позицијата на новинарите во редакцијата, професионалната етика и нивото на цензура

Во однос на позицијата на новинарите во редакцијата, професионалната етика и нивото на цензура, може да се заклучи дека состојбата е влошена. Имено, првите три по големина национални дневни весници, беа затворени, со што над стотина новинари останаа без работа. Но, ризици не постојат само кај печатените медиуми. Погрешната политика на минатата влада, користењето на јавните пари за финансирање на приватните медиуми со цел да се контролира нивната уредувачка политика, доведе до фундаментални изместувања во медиумскиот сектор, и ги стави медиумите во непосакувани ризици.

Во услови кога медиумскиот пазар е презаситен од многу и слаби медиуми, а владата е најголем огласувач, поголем дел од медиумите својот опстанок го гледаат во воспоставувањето клиентелистички односи со владата. Таквите медиуми се наклонети кон владата, проследено со висок степен на автоцензура, а ризикот новинарите да бидат отпуштени е многу голем. Често, овие отпуштени новинари преминуваат да работат на онлајн медиумите, кои имаат значително мал број вработени. Тоа влијае врз квалитетот на објавената содржина и често се прекршуваат професионалните и етичките стандарди.

### Индикатор Ц: Безбедноста на новинарите

Во Република Македонија безбедноста на новинарите е загрозена. Тие сè уште се напаѓаат поради нивната работа. Овој период беа регистрирани дури 18 напади врз новинари, од кои најголем дел се физички и вербални напади. Споредено со минатата година, разликата е во тоа што новата Влада и полицијата декларативно изразуваат подготвеност да соработуваат со Здружението на новинарите со цел да се стави крај на политиката на неказнивост за насилството врз новинари. Но, до постигнување на крајната цел – изградба на институционален механизам за превенција и казнување на насилството врз новинари – сме уште далеку. ЗНМ од јануари оваа година има подобрена соработка со МВР, а се очекува и подобрување на соработката обвинителството.

# А

# Правна заштита на слободата на медиумите

### А.1. Дали националното законодавство обезбедува гаранции за слободата на медиумите и дали истите ефикасно се спроведуваат во практиката?

Во текот на 2017 година немаше интервенции во уставната рамка, ниту пак поголеми промени во законската регулатива. Поради тоа, сите констатации во однос на правните гаранции забележани во минатогодишниот извештај се валидни[4]. Сепак, во споредба со минатата година, има значајни промени во политичкиот контекст поради што дел од оценките во овој извештај во извесна мера се разликуваат од минатогодишните.

Основната правна рамка за медиумите во Македонија се состои од: Законот за медиуми[5] и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ)[6]. Во периодот што го опфаќа овој извештај немаше речиси никакви промени во постоечката законска рамка која се однесува на медиумите. Од друга страна, слободата на медиумите беше една од главните теми околу кои се одвиваше политичката и експертската дебата.

Периодот од последниот извештај до септември 2017 година, беше целосно одбележан со изборите од декември 2016 година, кои требаше да ја извлечат земјата од длабоката политичка и институционална криза. Кон крајот на мај 2017 година, се создаде нова коалициона Влада предводена од дотогашната опозиција (СДСМ) и неколку партии што ја претставуваат албанската заедница во Македонија (ДУИ и Реформистите на ДПА). Дотогашната владејачка партија – ВМРО-ДПМНЕ, која владееше без прекин од 2006 година, премина во опозиција.

Како резултат на ваквиот развој на настаните на политичката сцена, Собранието на Македонија не функционираше скоро 9 месеци. Во истиот период Македонија имаше техничка влада, која согласно Пржинскиот договор раководеше со земјата од почетокот на 2016 година до средината на 2017 година, без јасен политички мандат и со ограничени ингеренции. Поради сето ова, во периодот што го опфаќа овој извештај законодавната власт имаше многу мал обем на активности.

Како реакција на политичката криза, но и на притисокот на меѓународниот фактор поради констатираната состојба на длабоко загрозена демократија и слобода на медиумите[7] – а како резултат на Пржинскиот договор[8] во предвечерието на изборите, беше направена интервенција во членот 75 од Изборниот законик и соодветна интервенција во Законот за медиуми која имаше за цел да ги ослободи медиумите од стегите на владејачките структури. Со овие интервенции[9] им се наметна обврска на јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (публикации) (интернет порталите) кои одлучиле да ги покриваат изборите, тоа да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма.

Според оценката на ОБСЕ – ОДИХР[10], со која ЗНМ во целост се согласува, која ги следеше парламентарните избори од 2016 година, суштинските медиумски реформи предвидени во Пржинскиот договор не беа финализирани и соодветно спроведени во периодот пред изборите.

Во периодот помеѓу август 2016 и септември 2017 година, за кој се однесува овој извештај, не е забележан обид од страна на новата Влада за понатамошно ограничување на просторот на интернет (онлајн) медиумите, иако некои барања за извесно „средување“ на состојбите во онлајн секторот дојдоа токму од поединци блиски на новата власт[11]. Во Планот 3-6-9 на Владата е предвидена дебата за потребата за измена и дополнување на Законот за медиуми, што во суштина може да значи и дебата за потребата од законска регулација на онлајн медиумите. Но, допрва треба да се разјаснат дилемите дали барањата за построга законска регулација на онлајн медиумите се резултат на аргументирана загриженост или на свесна намера да се ограничи слободата на изразување на интернет, што е во спротивност со заложбите на Советот на Европа и други меѓународни организации кои ја застапуваат слободата на интернет[12].

4 ЗНМ, Показатели за степенот на слободата на медиумите и за безбедноста на новинарите МАКЕДОНИЈА, 2016 година, стр.10.
5 Закон за медиуми на Република Македонија.
6 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија.

7 Во извештајот на сениорската група на ЕУ експерти предводени од Прибе во 2015 година се вели дека медиумите се под силно влијание на политиката и политичките партии и посебно на тогашната влада. Види: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf.
8 Договорот од Пржино. Пристапено на ноември 21, 2017: https://www.mkd.mk/makedonija/politika/dui-go-objavi-celosniot-dogovor-na-liderite-od-2-juni.
9 Изборен законик на Република Македонија, член 75.
10 ОБСЕ, Поранешна Југословенска Република Македонија – Предвремени парламентарни избори 11 декември 2016 – Набљудувачка мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР (Варшава: 2017)., 19. Пристапено ноември 29, 2017: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/302261?download=true.
11 Виктор Дано, “Се кршат копја за регулирање на онлајн медиумите и блогерите” Ит.мк., јануари 21, 2016. Пристапено ноември 30, 2017: https://www.it.mk/se-krshat-kopja-za-regulirane-na-onlajn-mediumite-i-blogerite/.
12 Снежана Трпевска, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017 година.

Од страна на четирите политички партии-учеснички во преговорите од Пржино беа договорени измени на медиумската легислатива, во првите шест месеци по формирањето на новата Влада, во согласност со препораките изнесени во т.н. извештај на Прибе[13]. Тие измени требаше да доведат до темелни реформи во медиумскиот сектор, со цел медиумите да се ослободат од политичките, економските и други влијанија. Во моментот на подготвувањето на овој извештај, тој шестмесечен период сè уште не е поминат, но со таканаречениот План 3-6-9[14] на Владата, публикуван на 17 јули 2017 година, предвидени се и мерки што се однесуваат на состојбата во медиумите:

- Усвојување изјава за изразување на силна политичка волја и поддршка од Владата и институциите за континуирана примена на Етичкиот кодекс за медиумско известување;
- Донесување Одлука на Владата за стопирање со владини реклами на комерцијалните радиодифузери (со исклучок на социјални медиуми) и пренесување на комуникацијата со граѓаните преку јавниот радиодифузен сервис;
- Објавување на сите трошоци за рекламирање на Владата и објаснување на критериумите за избор на медиумите за периодот 2008-2017, во форматот доставен од Европската комисија;
- Одржување јавна консултација со медиуми, медиумски здруженија и граѓански организации;
- Подготвување предлог-измени на Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кои ќе овозможат примена на Етичкиот кодекс за известување во и вон изборите, како и за зајакнување на независноста и капацитетот на медиумскиот регулатор и јавниот радиодифузен сервис;
- Подготвување предлог-измени на законската регулатива кои ќе обезбедат избор на членови на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ), врз основа на заслуги;
- Подготвување преглед на сите досегашни случаи на физички и вербални напади и притисоци, говор на омраза и сл. врз новинарите;
- Одржување неделен брифинг на Владата со медиумите.

Планот 3-6-9 сè уште не е претворен во конкретни решенија, иако беа преземени некои почетни чекори. На 22 август 2017 година, Владата усвои заклучок со кој се запираат сите владини реклами во комерцијалните радиодифузери и печатените медиуми.

Запирањето на владиното рекламирање на приватните медиуми беше поздравено од ЗНМ и од другите медиумски НВО, кои со години предупредуваа дека големото учество на Владата во финансирањето на приватните медиуми го нарушува медиумскиот пазар, ги прави медиумите финансиски зависни од власта и ја нарушува нивната уредувачка независност. Но сепак, ваквото решение не е доволно, бидејќи членот 102 од ЗААВМУ сè уште и дава законска можност на Владата да рекламира и преку тоа да влијае врз медиумскиот пазар. Затоа, потребно е овој член од Законот да се укине.

Новата влада објави податок дека претходната влада во периодот 2008 – 2015 година потрошила 38 милиони евра за медиумски кампањи[15] и за испитување на јавното мислење[16], што е потврда на заклучокот од минатогодишната анализа за тоа дека „...Владата континуирано ги користеше јавните средства за корумпирање на медиумите преку т.н. владини кампањи"[17]. За потребите на овој извештај, врз основа на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ЗНМ побара податоци од министерствата и општините за висината на средствата потрошени за рекламирање во текот на минатата година. Барањето беше испратено до сите министерства и до оние општини кои минатата година не одговорија и/или немаа потрошено средства за рекламирање. Само едно министерство не одговори на барањето на ЗНМ, и помалку од една третина од општините до кои барањето беше испратено.

За разлика од минатата година, вкупниот трошок на министерствата за оваа година е понизок. Општините, пак, кои не доставија одговор минатата година или немале никаков трошок, не отскокнуваа од минатогодишниот просек, освен Општина Прилеп која во првите шест месеци потрошила 2.168.252,00 ден. (според нивната проценка во 2017 година ќе бидат потрошени вкупно 4.000.000,00 денари), а е еднакво на трошокот на Министерството за внатрешни работи, кое инаку минатата година се издвои како најголем огласувач.

13 “(ИНТЕГРАЛНО) Целиот извештај на Рајнхард Прибе за криминалот, корупцијата и прислушувањето” Локално, 19 јуни, 2015, пристапено: 27 ноември, 2017, http://lokalno.mk/integralno-celiot-izveshtaj-na-rajnhard-pribe-za-kriminalot-korupcijata-i-prislushuvanjeto-na-vlasta/

14 Влада на Република Македонија, Планот 3-6-9. Пристапено на ноември 21, 2017: http://www.sep.gov.mk/data/file/Dokumenti/Plan%203-6-9%20MK.pdf.

15 Во оваа сума не се пресметани 2006, 2007 и 2016 година, бидејќи документи за овие години сè уште не се пронајдени.

16 Влада на Република Македонија. Претходната влада потрошила 38 милиони евра за медиумски кампањи и за истражување на јавното мислење. Пристапено на ноември 21, 2017: http://vlada.mk/node/13464.

17 За споредба види стр. 17 од минатогодишниот извештај. Достапен на: http://znm.org.mk/?page_id=1357.

Во однос на независноста на регулаторот и јавниот радиодифузен сервис, со исклучок на договорените законски измени од Пржинскиот договор, не беа донесени нови закони и подзаконски акти, што е, пред сѐ, резултат на политичката криза со која се соочуваше Македонија во изминатиот период. Затоа и во овој извештај, како и во минатогодишниот, квалификациите за независноста на овие две институции во најголем дел остануваат исти. Важно е да се напомене дека во изминатиот период имаше извесно подобрување во работата на медиумскиот регулатор, а во помала мера кај јавниот сервис. Во прилог на ова се и оценките на дел од интервјуираните новинари:

*„2017 конкретно, за минимална нијанса веројатно е подобрено, со доаѓањето на нова власт...бидејќи престана тролањето по медиуми и социјални мрежи... но, генералната состојба сѐ уште е поразителна, со некоја надеж за нормализација и воспоста-вување некои минимум прифатливи услови за функционирање на минимум профе сионално новинарство*[18]".

Во однос на регулаторот, од страна на повеќето интервјуирани новинари и експерти беше потврдено дека постои тенденција за подобрување на професионалноста и објективноста во текот на последната година, но тоа сѐ уште не значи дека регулаторот е независен.

*„ААВМУ не била никогаш независна од партиите на власт. Доволно е да се види составот на членовите на Советот на Агенцијата и може да се заклучи тоа што повеќе новинари и независни активисти го велат дека Агенцијата за медиуми е политизирана. Подобрување на работата на регулаторот е забележано во однос на бројни одлуки и мерки на ова тело што беа принципиелни и донесени од независна позиција*[19]".

Претставникот на ЗНМ во медиумскиот регулатор смета дека за да се избрише таквата слика (на зависност) целосно од меморијата, ќе биде потребен подолг временски период на вистинско професионално работење на Агенцијата која е должна да води сметка за вкупниот амбиент во кој работат медиумите[20]. Постои општа перцепција дека проблемот е од системска природа и затоа најпрвин е потребно да се создаде поповолен законски амбиент за целосна независност и професионализација на регулаторното тело во Македонија.

Слична е и перцепцијата за работата на Агенцијата за медиуми во однос на говорот на омраза, иако во одредени ситуации во текот на 2016 и 2017 година, Агенцијата констатираше говор на омраза после долги години целосна пасивност. На пример, за мерките преземени поради говорот на омраза констатиран во емисија на ТВ Сител[21], како дел од изборното известување во декември 2016 година, впечатокот на дел од интервјуираните соговорници е дека *„Агенцијата и овие како и минатите избори не беше доволно моќна за да ги замолчи новинарите и медиумите кои ширеа говор на омраза*[22]". Ова мислење го делат и другите новинари и медиумски работници интервјуирани за потребите на овој извештај:

*„Говорот на омраза, реторика на дискриминација кон групи и поединци, јавни закани и повикување на насилство е практика во дел од националните медиуми електронски и пишани која, за жал, ескалираше посебно во последните две години*[23]".

Во моментот нема ниту еден случај на говор на омраза пред Кривичниот суд ниту пак информација за тоа дека Обвинителството презело мерки. Проблемот со говорот на омраза е системски и надлежните институции сѐ уште го толерираат ваквото однесување во медиумите.

Во врска со состојбата во јавниот сервис, заклучокот што произлегува од повеќето интервјуа е дека тој сѐ уште *нема институционална автономија, а уште помалку независна уредувачка политика*[24]. За да има подобрување, удел во изборот на уредници и директори покрај Собранието треба да имаат и јавноста и новинарската професија. Исто така, постои голем степен на согласност помеѓу новинарските организации и експертската јавност околу потребата за одржливо финансирање на МРТ, независноста на Програмскиот совет на МРТ, изборот на професионален уредувачки тим, продукцијата на квалитетна медиумска програма, вработувањето на нови новинари и друг креативен кадар, развојот на дописничката мрежа и друго.

---

*18* Дарко Чекеровски, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2107.

*19* Снежана Трпевска, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017.

*20* Зоран Фиданоски, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017.

*21* Агенција за медиуми констатираше говор на омраза на Сител, Ако.мк, Последен пат изменето на ноември 21, 2017: http://ako.mk/%D0%B0%D0%B3%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%B7%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC%D0%B8%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%88%D0%B5%D0%B3%D0%BE%D0%B2/.

*22* Новинар кој сака да остане анонимен, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017 година.

*23* Младен Чадиковски, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017 година.

*24* Зоран Фидановси, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017 година.

*25* Иван Бојаџиски, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017 година.

## А.2. Дали законите за клевета предизвикуваат ефект на заплашување кај новинарите?

Клеветата и навредата беа декриминализирани во 2012 година со донесувањето на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда[26]. Во изминатата година не се направени промени во овој закон. Како што беше забележано во минатиот извештај, во периодот 2013-2015 година беа констатирани голем број спорови во кои како тужители се јавуваат високи владини функционери, а како тужени, новинари кои критички известуваат за власта. Речиси сите тие случаи завршуваа со позитивен исход за тужителот и несоодветно големи парични казни за тужените. Во текот на 2013 и 2014 година имаше десетици граѓански предмети за клевета против новинари, иако поголемиот број од нив беа решени преку медијација, надвор од судската постапка.

Во првиот извештај кој се однесува на периодот до јули 2016 година беа забележани околу 40 тужби за клевета и навреда против новинари. Пред декриминализацијата на клеветата и навредата, пак, нивниот број беше околу 330.

Во периодот опфатен со овој извештај, според информациите добиени од адвокатот на ЗНМ кој ги застапува членовите на Здружението во случаи на клевета и навреда, има околу 30-ина активни предмети што означува видлив тренд на намалување на тужбите за клевета и навреда, што во изминатиот период се користеше како механизам за притисок врз новинарите. Не постои прецизна евиденција колкав процент од овие случаи е иницирал од државни службеници или политичари, но генералниот впечаток добиен од реализираните интервјуа и од континуираното следење на судската практика е дека клеветата и навредата во последната година сè помалку се користат од страна на властите за притисок врз критичкото новинарство. Исклучок се десетина тужби за клевета што високи претставници на владината ДУИ ги имаат покренато против крити-чки медиуми на албански јазик. Во Извештајот за состојбата со човековите права во Македонија во 2017 година објавен од Американскиот Стејт департман ваквата појава беше оквалификувана како средство за цензурирање на критички новинари.

Истата перцепција ја делат сите новинари интервјуирани за потребите на овој извештај. Новинарот Младен Чадиковски оценува дека состојбата е значително подобрена, иако сè уште има предмети на клевета и навреда против новинари кои се водат во судовите. Еден од интервјуираните новинари, кој избра да биде анонимен, смета дека причината што доведе до намалување на бројот на ваквите судски постапки “*...не е освестувањето на функционерите од власта, туку политичката криза во земјава која започна со објавувањето на прислушуваните разговори од страна на опозицијата, која им насочи голем дел од вниманието кон Специјалното јавно обвинителство и претстојните предвремени парламентарни избори*“.

26 Службен весник на РМ, 143/2012.

### А.3. Дали постои доволна правна заштита на политичкиот плурализам во медиумите пред и за време на изборните кампањи?

Како што беше забележано и во минатогодишниот извештај, во претходните изборни циклуси до 2016 година, повлијателните медиуми блиски до власта речиси воопшто не ги почитуваа правилата за политички плурализам во известувањето. Поради тоа, во јули 2016 година, четирите најголеми парламентарни партии се согласија да спроведат посебни привремени мерки што ќе важат за кампањата за предвремените парламентарни избори.

Тие мерки вклучуваа назначување на главен и одговорен уредник на вестите на МРТ1 од страна на опозицијата, во консултација со другите парламентарни партии, а чиј мандат ќе трае 100 дена пред изборите и ќе заврши ноќта на изборите, како и формирање на привремена комисија за надзор врз известувањето на аудиовизуелните медиуми во текот на предизборниот период, таканареченото Ад хок тело кое функционираше при Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Причината за формирање на ова тело при Агенцијата која, всушност, ја има таа иста надлежност, е тоа што доминираше перцепцијата дека во изминатите години Агенцијата не ја вршеше оваа своја функција на непристрасен и независен начин.

ЗНМ, локалните медиумски организации и експертите го критикуваа овој концепт како решение кое ги дерогира основните надлежности на Агенцијата, но и професионалните принципи на новинарството – новинарите да задржат дистанца од која било политичка партија, поради фактот што политички партии предлагаат поединци за позицијата уредник во јавниот сервис и членови на Ад хок телото.

На 31 август 2016 година, кога на предлог на тогашната опозиција стапи на функција новиот уредник на Информативната програма на МТВ[27], беше креирано и Ад хок телото кое имаше задача да го набљудува спроведувањето на одредбите од Изборниот закон за покривање на изборната кампања од страна на аудиовизуелните медиуми[28]. Ад хок телото функционираше до крајот на изборната кампања, а беше составено од пет членови од кои (најмалку) еден мораше да биде Албанец. По двајца членови беа предложени од страна на владејачката и опозициската партија, додека пак петтиот член беше избиран по пат на консензус меѓу четирите назначени членови. На сто дена пред изборите, ААВМУ имаше обврска да креира процедури за следење на балансираното известување пропишано со Изборниот законик. Ад хок телото го оценуваше известувањето на аудиовизуелните медиуми за политичките актери и кандидати врз основа на извештаите од мониторингот што го спроведуваше стручната служба на ААВМУ, периодично на 10 дена.

Ад хок телото требаше да ја преземе надзорната улога на ААВМУ, но дополнувањата на Изборниот законик не беа во целост јасни и усогласени што предизвика нејаснотии за мандатот на Комисијата во периодот пред почнувањето на кампањата - од 17 октомври, кога беа закажани изборите, до 21 ноември, кога официјално започна изборната кампања.

Со измените на Изборниот законик беше предвидено ААВМУ да врши мониторинг и на онлајн медиумите. Но, и покрај законската обврска, ААВМУ не го надгледуваше известувањето на онлајн медиумите поради тоа што не постои регистар на онлајн медиуми, а воедно и ваква регулаторна практика во Европа.

Комисијата предложи преку шеесетина прекршочни постапки од кои шеснаесет се однесуваа на неизбалансирано известување, шест на прикриена кампања на владини функционери и дваесет и девет на политичко рекламирање. До денот на изборите, судовите разгледаа само два предмети, но и обата ги отфрлија.

Главна оценка на меѓународната набљудувачка мисија беше дека заложбите на партиите во однос на медиумите не беа исполнети во практиката – констатација со која ЗНМ и останатите медиумски организации и набљудувачи се согласија[29]. Генерална перцепција на интервјуираните новинари е дека *„Ад хок телото беше наметнато тело, создадено со политички договор*[30]*"*. Ова тело во текот на работењето покажа голема политичка поделеност, што е показател за блискоста на членовите до политичките партии што ги номинираа. Имаше и обиди за балансираност при носење на одлуките, но сепак ова тело не успеа да се наметне како сериозен фактор кој има кредибилитет кај медиумите. Во поглед на целисходноста, односно ефективноста на ова тело постои мислење дека неговото формирање е преседан кој не смее да се повтори, бидејќи беше составено од партиски номинирани членови. Со него, всушност, се дерогираше надлежноста на ААВМУ, како последица на тоа што ААВМУ не си ја вршеше независно и непристрасно својата работа.

27 "Санта Аргирова нов уредник на информативната програма на МТВ", Фокус, август 31, 2016, пристапено ноември 27, 2017: http://fokus.mk/santa-argirova-nov-urednik-na-informativnata-programa-na-mtv/.

28 "Познат составот на ад-хок телото", Фокус, август 9, 2016, пристапено ноември 27, 2017: ttp://vecer.mk/makedonija/poznat-sostavot-na-ad-hok-teloto.

29 "ЗНМ ги поздрави наодите на меѓународните набљудувачи за медиумите", MKD.MK, 13 декември 2016, пристапено ноември 27, 2017: https://www.mkd.mk/makedonija/politika/znm-gi-pozdravi-naodite-na-megjunarodnite-nabljuduvachi-za-mediumite.

30 Новинар кој сака да остане анонимен, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017 година.

31 Снежана Трпевска, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017.

## А.4. Дали слободата на новинарската работа и на здружување се гарантира со закон и дали законот се спроведува?

Законите формално ја гарантираат слободата на новинарската работа и на здружување, но во практиката тоа не е така. Во Македонија новинарската професија не е лиценцирана, но дефинирана е во Законот за медиуми[32]. Поконкретно, новинарот се дефинира како „*лице кое собира, анализира, обработува или класи-фицира информации објавени во медиумите и е вработено во медиумите или има договор за работа со нив, или лице кое реализира новинарски активности како независна професија (слободен новинар)*".

ЗНМ со другите медиумски организации беа и сè уште се против дефинирање на новинарската професија со закон. Според нив, дефинирањето на новинарството како слободна професија со закон создава основи за ограничување на работата на новинарот, и затоа вистинското и професионално новинарство може да биде предмет на саморегулација, а не и на законска регулација. Заради тоа, заложба на ЗНМ е овој член од Законот целосно да се избрише[33] - став што во изминатиот период беше изнесуван во сите јавни консултации за медиумската легислатива.

Новинарите може да ги следат седниците на Парламентот со соодветна акредитација, иако ова право неколку пати беше флагрантно погазено во последниве пет години. Најсериозното прекршување на ова право се случи на 24 декември 2012 година, кога собранискиот обезбедување со сила ги изнесе новинарите од парламентарната галерија, од каде што известуваа за донесувањето на Буџетот за 2013 година. Целта на тогашната власт беше да ги спречи новинарите да известуваат за насилното истерување на пратениците на опозицијата од пленарната сесија, кои ја блокираа расправата за Буџетот тврдејќи дека се прекршени собраниските процедури за неговото усвојување.

Во однос на овој случај, по исцрпувањето на сите правни процедури во македонските судови, ЗНМ во 2013 година поднесе жалба официјално и пред Европскиот суд за човекови права[34]. Во февруари годинава, Судот пресуди во корист на претставката на ЗНМ. Во пресудата Европскиот суд констатира повреда на две права гарантирани со Европската конвенција за човекови права и тоа: правото на слобода на изразување од член 10 и правото на фер судење од член 6 од Конвенцијата[35].

Случајот имаше голем одек во македонската јавност и експертската заедница, но беше забележан и на меѓународно ниво. Во соопштението на ЗНМ по повод пресудата беше нагласено дека[36] „*оваа пресуда е прва со која се утврдува повреда на слободата на изразување и е многу важна за демократијата и владеењето на правото во Република Македонија. Истовремено, пресудата е и победа на новинарската заедница, која покажа дека за правда секогаш вреди да се бориме. Правдата можеби е бавна, но секогаш победува*".

На 27 април 2017 година се случи уште подраматичен напад врз новинарите кои известуваа за изборот на новиот претседател на Собранието од новото парламентарно мнозинство. Приврзаници на тогашната владејачка партија, организирани во таканаречената Граѓанска иницијатива „За заедничка Македонија", влегоа насилно во Собранието со цел да го спречат конституирањето на новата власт произлезена од декемвриските избори од 2016 година. Приврзаниците на ВМРО-ДПМНЕ, освен што ги нападнаа пратениците од новото парламентарно мнозинство, им се закануваа и шиканираа стотина новинари, сниматели и фоторепортери кои со часови беа практично киднапирани од насилната толпа, без никаква полициска заштита. ЗНМ им понуди правна помош на сите новинари што биле физички нападнати или изложени на разни притисоци и закани при извршувањето на нивните професионални обврски во Собранието, или пак им била оштетена опремата[37].

Поголемиот дел од новинарите се организирани во професионални здруженија. Најголемо и најстаро здружение е ЗНМ, основано во 1946 година, член на Меѓународната федерација на новинари (МФН) и на Европската федерација на новинари (ЕФН). Тоа е независна, невладина и неполитичка организација чија цел е да ја заштити и промовира слободата на говорот и етичкото новинарство[38]. Од 2010 година после измените на Статутот, раководството на ЗНМ се избира на слободни избори, во кои учествуваат сите членови на организацијата, според принципот, еден член - еден глас.

Покрај ЗНМ, постои и таканаречената Македонска асоцијација на новинари (МАН), која е формирана

32 Закон за медиуми, член 2, алинеја 4.

33 "Закон за медиуми: Новинарите со поделени ставови по прашањето кој е новинар", Telegraf.mk. Јули 30, 2016, пристапено ноември 27, 2017: http://www.telegraf.mk/aktuelno/makedonija/ns-newsarticle-19945-zakon-za-mediumi-novinarite-se-podelija-za-prasanjeto-koj-e-novinar.nspx.

34 Марулич Јаков Симона, „Македонските новинари ќе ја бараат правдата во Стразбур" БалканИнсајд, јуни 5, 2014 година, пристапено ноември 27, 2017: http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonia-journalists-to-seek-justice-

35 Целиот текст на пресудата е достапен на овој линк: http://hudoc.echr.coe.int/eng#{"itemid":["001-170839

36 Здружение на новинарите на Македонија, Победи правдата за новинарите во Стразбур, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=2998.

37 Здружение на новинарите на Македонија, Повик до новинарите да тужат за насилството во Собранието Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3245.

38 Информации во врска со Здружението на новинарите на Македонија може да се најдат на неговата интернет страница: http://znm.org.mk/?page_id=719&lang=en.

во 2003 година, а реактивирани во 2013 година, со цел да ја легитимира новата медиумска регулатива, предложена од претходната Влада. Во периодот на извештајот не е забележана поголема активност на ова здружение. МАН нема свој етички кодекс на новинари и нема активен веб сајт, поради што е тешко да се следат нивните активности.

Дел од новинарите и вработените во медиумите се членови и на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ)[39], организација која е основана во 2010 година. Тоа е првиот новинар-ски синдикат кој беше основан во Македонија. Во 2016 година во медиумите се појавија информации за основање нов синдикат на новинари, во кој ќе членуваат новинари од медиумите блиски до владејачката партија. Овој синдикат, сепак, не беше формиран поради тоа што претходната владејачка партија премина во опозиција и ја изгуби контролата врз најголем дел од медиумите во земјата.

## А.5. Какво е нивото на правна заштита на новинарските извори?

Уставот на Република Македонија го гарантира правото на доверливост на изворот на новинарот[40], според кое новинарот има право да не го открие изворот на информации или да не открие информации со кои ќе го обелодени идентитетот на изворот.

Прашањето е уредено и во Законот за медиуми. Во овој закон се заштитува правото на доверливост на изворите, и му наложува обврска на новинарот да го извести уредникот за изворот на информацијата.

За целите на ова истражување, ЗНМ минатата година го анализираше Кривичниот законик и не најде ограничување во однос на заштитата на новинарските извори. Важно е да се напомене дека и покрај непостоење на ограничувања, во 2013 година судот искористи друга законска одредба за необјавување на идентитет на заштитен сведок, за да се затвори новинар поради тоа што во истражна постапка одбил да го открие својот извор за приказна објавена во 2008 година.

Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда ја уредува граѓанската одговорност за штета нанесена на честа и угледот на физички и правни лица со клевета или навреда, но сепак утврдува дека на новинарите не може да им се наметне да ги откријат своите извори. Судот може да побара од новинарот да открие информации за да се потврди вистинитоста на објавените искази, без да се идентификува изворот на информацијата.

Бидејќи годинава не беше направена никаква интервенција во овој дел од законодавството, сите заклучоци од минатогодишниот извештај остануваат непроменети. Во текот на 2017 не се утврдени нови случаи на загрозување на правото на тајноста на изворите на информации.

39 Информации за ССНМ може да се најдат на следната интернет страница: http://ssnm.org.mk/?lang=en.

40 Уставот на Република Македонија, член 16.

## А.6. Какво е нивото на заштитата на правото на пристап до информации?

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер беше изгласан во 2006 година и во неколку наврати беше менуван и дополнуван[41]. Општата оценка е дека Законот не е целосно усогласен со основните принципи утврдени во меѓународното право. Рокот од 30 дена за добивање информација од јавен карактер е предолг за новинарите, а постојат и премногу основи врз кои јавните институции може да им одбијат на граѓаните пристап до некои информации.

Минатата година не беше регистрирана промена во однос на констатациите за работата и независноста на Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно минатогодишните заклучоци дека таа сè уште не е независна и оваа година остануваат непроменети.

Во рамките на ова второ истражување, ЗНМ побара пристап до информации од јавен карактер од сите министерства и општини кои минатата година не одговорија на барањето или наведоа дека во 2016 година не потрошиле средства за рекламирање. Индикативно е што само 8 министерства и 13 општини одговориле на барањето што е извонредно низок процент и, истовремено, индикатор за начинот на кој се спроведува овој закон во Македонија. Овој податок го потврдува заклучокот од минатогодишниот извештај дека најголем дел новинари кои поднеле барања за слободен пристап до информации од јавен карактер имале негативно искуство со државните институции. Дури 87% од анкетираните новинари во 2016 година, на чии барања било одговорено, ги оцениле добиените одговори како нецелосни.

Интервјуата со новинари спроведени за потребите на годинашниов извештај само ги потврдуваат наодите кои беа предочени лани. Законот слабо се применува, а новинарите имаат лошо искуство и недоверба во институциите дека ќе ги доставаат бараните информации во разумен рок. Како што вели новинарот Зоран Фиданоски во интервјуто направено за потребите на овој извештај:

> „*Нетранспарентност на институциите, отпор во соработка, страв од луѓето да не се обелоденат некакви скандалозни ситуации, како и немање доволно финансии и трпение од уредниците да се прават и добиваат вакви стории, кои се повеќе од неопходни за едно здраво демократско општество*[42]“.

41 Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер.

42 Зоран Фиданоски, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017.

Б

# Позицијата на новинарите во редакцијата, професионалната етика и нивото на цензура

За потребата на оваа група индикатори, кои ја обработуваат професионалната, економската и социјалната положба на новинарите, беа интервјуирани новинари, претставници на медиумските организации, беа спроведени анкети и консултирани овогодишни публикации. Од анализите беше изведен заклучок дека постојат сериозни ограничувања на новинарските слободи во Македонија, за што несомнено придонесува лошиот економски и социјален статус на новинарите. Останува загрижувачки малиот процент на новинари кои имаат безбедно работно место, социјални и работни бенефиции. Мнозинството новинари имаат примања кои се под националниот просек и се нередовни.

Погрешната политика на минатата влада, односно користењето на јавните пари за финансирање на приватните медиуми со цел да се контролира нивната уредувачка политика, како и технолошките промени поради кои насекаде печатените медиуми исчезнуваат, доведе до фундаментални изместување во медиумскиот сектор, и ги стави медиумите во непосакувани ризици. Во 2017 година, првите три по големина национални дневни весници, беа затворени, со што над стотина новинари останаа без работа. Но, ризици не постојат само кај печатените медиуми. Во услови кога медиумскиот пазар е презаситен од многу и слаби медиуми, а владата е најголем огласувач, поголем дел од медиумите нивниот опстанок го гледаат во воспоставувањето клиентелистички односи со владата. Таквите медиуми се наклонети кон владата, проследено со висок степен на автоцензура, и ризик тие да бидат згаснати, а новинарите пак отпуштени. Често, овие отпуштени новинари преминуваат да работат на онлајн медиумите, кои имаат значително мал број вработени. Тоа влијае врз квалитетот на објавениот содржива и често се прекршуваат професионалните и етичките стандарди.

### Б.1. Дали економската положба на новинарите се злоупотребува со цел да се ограничи нивната слобода?

Економската положба на новинарот се злоупотребува за да се ограничи неговата слобода. Во Македонија 85% од новинарите имаат помала плата од 500 евра месечно, а 45% пак имаат помала плата од државниот просек којашто изнесува околу 370 евра месечно или МКД 22.808. Овој податок произлегува од анализата на ССНМ спроведена во текот на јули и август 2017 година, во која биле вклучени 127 медиумски работници[43]. Според истата анализа, повеќе од половина од новинарите, или 54% од нив, немаат договор за вработување на неопределено време, а 19% се привремено ангажирани како хонорарни работници.

Во поглед на редовната исплата на месечната плата на новинарите, според истражувањето на ССНМ[44], на повеќе од 55% од новинарите им доцнат платите. Претседателката на ССНМ Тамара Чаусидис смета дека: „работните услови на новинарите и медиумските работници не се подобрени, во Македонија има поголема понуда на работна сила и сопствениците тоа го користат за намалување на плати, лесно отпуштање од работа, казнување и останати мерки на притисок". Слични коментари даваат и другите новинари интервјуирани за потребите на оваа анализа:

> „Новинарите се соочуваат со секакви проблеми кога е во прашање слободата на изразување, но и со егзистенцијални проблеми. Голем дел од новинарите земаат плата помала од просечната на национално ниво. Најголемиот дел од нив немаат договори на неопределено време, туку работат со договор на дело или договор кој се продолжува месец за месец. Новинарите во дел од медиумите немаат законски предвиден годишен одмор, туку 10 до 15 работни дена, кои се претвораат во календарски денови и не им се исплаќаат дневници за работа на државни празници[45]".

Голем број новинари оваа година ги изгубија работните места во весниците и преминаа во онлајн медиумите, но и во други професии. Податоците покажуваат дека овие новинари, пак, кои се вработени во онлајн медиумите имаат помали примања од оние вработени во телевизиите. Причината за ниските плати е слабата финансиска позиција на онлајн медиумите, кои произведуваат слаб содржина поради малиот број новинари кои работат во нив, е и интересот на публиката да следи забавни сајтови и големата пазарна фрагментација. Покрај тоа што примањата на овие новинари се ниски, тие се и нередовни, и без социјални бенефиции.

Бројката на новинари и медиумски работници останува непозната. Постојат показатели само за аудиовизуелниот сектор. Според официјалните податоци на медиумскиот регулатор, во 2016 година вкупниот број на вработени лица во радиодифузните медиуми изнесувал 2416 лица, а споредено со 2015 година оваа бројка била 2353 лица. Од овие лица, во 2016 година[46], најголем дел биле вработени во Македонската радиотелевизија (вкупно 836 лица). Во приватниот сектор најголем дел се вработени во петте национални терестријални телевизии, и тоа 578 лица.

Иако сите радиодифузери имаат законска обврска да вработуваат определен процент новинари, постојат индикации дека во практиката оваа обврска не се исполнува.

43 ССНМ, Платата во медиумите заглавена под просекот, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: https://ssnm.org.mk/%D0%BF%D0%BB%D0-%B0%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0-%BE%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%B7%D0%B0%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD%-D0%B0%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D1%82/.

44 Тамара Чаусидис, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017.

45 Анонимно интервју реализирано со новинар во приватен медиум, јули 2017 година.

46 ААВМУ, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година (Скопје: ААВМУ, 2017), пристапено ноември 27, 2017: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Analinaliza_na_pazarot_ns_sudio_i_audiovizuelni_mediumski_uslugi_za_2016_godina.-min.pdf.

## Б.2. Какво е нивото на уредувачката независност од сопствениците на медиумите и органите на управување?

Останува непознато дали постојат приватни медиуми со усвоени внатрешни организациски акти со кои се одделува менаџментот од новинарската редакција. Сепак, и покрај фактот што овие сектори во практиката се посебни, минатогодишните анкети спроведени од ЗНМ покажаа дека степенот на мешање во работата на редакциите од страна на менаџментот е голем. Тоа пак негативно влијае врз уредувачката политика на редакциите, односно врз начинот на кој новинарите известуваат. Во врска со ова, Тамара Чаусидис, претседателка на Новинарскиот синдикат, нагласува:

> „*Терминот промотивен текст или интервју е нешто на што веќе никој не реагира во негативен контекст и дури се смета за нормално ако сопственикот на медиумот во исто време е сопственик на болница и на тој медиум да има насловни страници со промотивни текстови од таа болница*".

Интервјуираните експерти и новинари сметаат дека медиумите не известуваат негативно за оние кои огласуваат, а делумна причина за тоа е и начинот на кој (не) се уредени односите меѓу сопствениците и уредниците. Така, новинарот Дарко Чекеровски вели:

> „*Сопственикот треба да е одговорен за финансиските и бизнис политики и треба да ги почитува интегритетот и слободата на одлучување на уредникот, без да се меша во оценка, селекција или уредување на новинарските написи; да имаат за тоа потпишано и договор со кој се уредуваат сите обврски и права и слободи на уредникот*[47]".

Медиумите немаат интерни етички кодекси, со исклучок на МРТ, кој беше донесен годинава, но со голем број пропусти. Најголема забелешка на ЗНМ беше дека во него се меша новинарската етика со работната дисциплина. Приватните медиуми формално се водат од Етичкиот кодекс на новинарите на ЗНМ, усвоен во 2001 година. Во септември оваа година, ЗНМ достави над 300 примероци од Кодексот[48], на шест јазици, во речиси сите редакции низ Македонија. Целта беше да се промовираат основните новинарски стандарди, особено во периодот на предизборната кампања за локалните избори закажани за во средината на октомври оваа година.

47 Тамара Чаусидис, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017.
48 Здружение на новинарите на Македонија, ЗНМ обезбеди етички кодекс за медиумите во Македонија, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3776.

Според интервјуираните новинари, дури и кога постојат дефинирани правила кои гарантираат уредувачка независност, тие генерално не се почитуваат во практиката. Медиумите ретко пишуваат критички за големите клиенти, а особено ретко пишуваат критички за Владата, која во изминатите години се појавуваше како најголем огласувач во најголем дел од медиумите. Во оваа насока, Младен Чадиковски, главен уредник на телевизијата 24 Вести, вели: „За жал, Кодексот на новинарите не се користи, а *е единствениот документ, и истиот е усогласен со принципите на Меѓународната федерација на новинари*[49]".

Поголем дел од влијателните медиуми се членки на Советот за етика на медиумите во Македонија (СЕММ), тело за саморегулација, основано во 2014 година. Тие формално се обврзани да се придржуваат кон новинарскиот Кодекс. Освен кон Кодексот, над 90 приватни медиуми се имаат обврзано дека ќе ја почитуваат и Повелбата за етичко известување за време на изборен процес[50]. Сепак, неколкуте медиуми со најголемо влијание врз јавното мислење често ги прекршуваа овие принципи.

Постојат различни директни форми на притисок од сопствениците на медиумите и менаџерите врз новинарите, па дури и закани за отпуштање од работа и закани со физичко насилство. Ова е мошне силен фактор за автоцензура кај новинарите. Во едно од интервјуата се вели:

> „*Најчеста форма на притисок доколку новинарот одбива да изврши некоја задача е финансиска казна или во некои поретки случаи и отказ. Особено често се користи и маргинализирањето на одреден новинар, односно деградирање и симнување на ниво на почетници во професионалното скалило*[51]".

49 Младен Чадиковски, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017.
50 СЕММ, Повелба за етичко известување за избори, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://semm.mk/novosti-4/2015-08-11-15-03-18/499-povelba-za-etichko-izvestuvanje-za-izborite.
51 Новинар кој сака да остане анонимен, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017 година.

## Б.3. Кое е нивото на уредувачката независност на новинарите во ЈРС?

МРТ во 2017 година, како статутарна обврска и после неколкугодишни најави, усвои Етички кодекс за новинарите, креативните кадри и сите вработени во МРТ[52]. Овој кодекс наиде на повеќе критики од страна на локалната новинарска заедница, која ја спореше содржината на документот, но и самиот пристап на раководството на МРТ, пред сè, поради недостигот на транспарентност во процесот на изработка на Кодексот. Најголем недостаток на Кодексот е мешањето на новинарската етика со работната дисциплина и со правата и обврските на новинарите што произлегуваат од работните односи[53].

ЗНМ на МРТ ѝ достави забелешки во врска со нацрт-верзијата на Етичкиот кодекс и препорача да се изработат два посебни документа, едниот за етичкото однесување на новинарите по примерот на Меѓународната федерација на новинари, а вториот за другите вработени, односно за техничката и стручната служба на МРТ. За жал, овие забелешки не беа земени предвид од страна на раководството на МРТ.

Покрај Етичкиот кодекс, МРТ има Статут како правен документ што произлегува од законската обврска на МРТ да ги уреди прашањата на организациската поставеност и на внатрешното работење. Според Статутот, МРТ треба да усвои 16 други акти, вклучувајќи ја и Уредбата за внатрешната организација.

Во практиката новинарите и редакциите не се независни, и најчесто се под директни влијанија на уредниците и менаџментот, а во голем број случаи и под влијание на високи владини функционери. Токму ваквите влијанија придонесоа и МРТ да биде предмет на критики за ненавремено информирање за инцидентите во Собранието на РМ на 27 април 2017 година. Агенцијата за АВМУ на МРТ ѝ упати и допис во кој беше истакнато дека со начинот на информирање за овие настани МРТ како јавен сервис не ги исполнила своите основни законски обврски:

> „*Јавниот сервис не обезбеди навремено информирање за настаните во Собранието, делови од репортерските јавувања не беа во согласност со улогата и функциите на јавен радиодифузен сервис и не беа организирани актуелно-информативните програми во кои ќе се дебатира за овие општествено-политички случувања кои се од исклучителен јавен интерес. Ова особено се однесува на обврските: да обезбеди постојано, вистинито, целосно, непристрасно, праведно и навремено информирање за сите важни политички и други настани и случувања во Република Македонија*[54]“.

Притисокот што се врши врз новинарите во МРТ е различен од оној што го трпат новинарите кои работат во комерцијалните медиуми. Во МРТ новинарите, пред сè, чувствуваат внатрешен притисок и тој се спроведува преку дисциплински мерки од страна на претпоставените, финансиски казни, прераспределба на други работни места и сл. Особено загрозена категорија се дописниците кои се само неколку на број и имаат најчесто договори за привремен ангажман што можат да бидат лесно раскинати, што всушност и било случај во последните неколку години. Покрај тоа, во периодот што се разгледува во овој извештај, МРТ сè уште беше под влијание на структурите на власта што припаѓаа на ВМРО-ДПМНЕ. Во врска со ова, една од интервјуираните експерти смета: „Јавниот сервис е сè уште под силно влијание на претходната власт, раководните и уредничките структури се истите од претходниот период. Тоа може јасно да се види и од програмата на МРТ[55]“.

## Б.4. Кое е нивото на уредувачката независност на новинарите во непрофитниот сектор?

Дел од информативните онлајн медиуми се регистрирани како здруженија на граѓани[56], односно како граѓански организации, но сепак досега нема спроведено анализа за нивната работа и за статусот и независноста на новинарите во редакциите на овој тип медиуми.

Главен интерес на дел од медиумите регистрирани во оваа форма е да имаат можност да аплицираат на повици за финансиска поддршка од страна на донаторската меѓународна заедница. Овие медиуми имаат мали редакции составени од по неколку новинари и имаат тенденција претежно да се занимаваат со истражувачко новинарство и токму затоа се регистрирани како непрофитни правни лица, бидејќи ретко се препознаени од страна на комерцијалниот сектор за реклами или огласување.

52 МРТ, “Етички кодекст на МРТ за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во МРТ”, Скопје: 2017, пристапено на ноември 29, 2017: http://www.mrt.com.mk/sites/default/files/%D0%95%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8%20%D0%BA%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D1%81%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%9C%D0%A0%D0%A2_0.pdf

53 Здружение на новинарите на Македонија, “Да се одложи донесувањето на Етичкиот кодекс на МРТ”, Скопје, 2017 година, пристапено на: ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3102.

54 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Допис до МРТ, Скопје: Мај 3, 2017, пристапено на: ноември 27, 2017: http://trinity.mk:53000/wp-content/uploads/2017/05/Dopis_do_Programski_sovet_na_MRT.pdf.

55 Снежана Трпевска, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017 година.

56 Пина.мк; Призма.мк; Нова ТВ; БИРН се дел од попознатите медиуми кои се регистрирани како „непрофитни организации“.

Тоа што е забележливо е дека оние неколку веб портали што објавуваат истражувачки стории во врска со злоупотребата на власта, беа честа мета на напади од страна на непријателски медиуми, но и на политички партии и поединци. Друг инструмент за притисок врз овие медиуми во периодот кога на власт беше ВМРО-ДПМНЕ беа тужбите за клевета и навреда од државни функционери кои во тужбите побаруваа огромни износи за нематеријална штета, поради предизвикана душевна болка. Во 2017 година речиси и нема забележано нови такви случаи, но треба да се има предвид и дека од јуни оваа година ВМРО-ДПМНЕ не е повеќе на власт.

## Б.5. Колку слобода имаат новинарите во процесот на производство на вести?

Степенот на автоцензура на новинарите во Македонија е на најголемо ниво во регионот ако се земат предвид индикаторите за слободата на новинарите и медиумите од кредибилни медиумски организации[57]. За жал, поради небезбедната средина во која работат новинарите и практиката на неказнивост, како и поради лошите економски услови во кои работат, новинарите речиси и не се во можност слободно да ги изберат темите за кои ќе известуваат, а особено не во поголемите редакции, вклучувајќи ја и МРТ.

Новинарите, исто така, ретко пријавуваат случаи на директен притисок или цензура, а кога го прават тоа, најчесто бараат да останат анонимни плашејќи се да не бидат отпуштени од работа. Ова е, пред сè, случај со новинарите кои работат во мали медиуми, најчесто на регионално или локално ниво. Поради ова, ЗНМ и ССНМ се спречени да покренуваат тужби, да ги искористат и другите правни механизми или да извршат јавен притисок.

Во минатогодишното истражување спроведено за потребите на првата анализа, повеќе од половина од испитаниците сметаа дека раководството влијае врз нивната работа. За повеќето новинари постои слобода во изборот на вестите, но цензурата е висока (стр. 39)[58].

Еден од новинарите со кои беа направени интервјуа оваа година, во врска со овој проблем[59], вели:

> „*Најчесто настаните и темите ги диктира денот, а не обратно новинарите да наметнуваат теми за кои ќе се отвори дебата. Главната улога ја има главниот уредник, кој во зависност од медиумот во кој е вработен, така и дејствува. Ако е провладин медиум, тогаш и уредникот многу малку влијае на содржината на вестите зашто добива директиви од политичките партии, а доколку е вработен во критички медиум, тогаш има повеќе простор да собира и селектира идеи од новинарите*“.

Треба да се одбележи дека ваквата практика е почесто случај во медиумите во кои не се поттикнува критичкото и истражувачкото известување. Во оваа насока, илустративен е коментарот на новинарот Младен Чадиковски[60]: „Во медиумот во кој јас сум уредник, новинарите се поттикнати да нудат теми, кои потоа ги дискутираме на колегиум. Се сомневам дека е таква состојбата во другите национални телевизии“.

Изборот на темите за известување во регионалните и локалните медиуми е уште поголем проблем за новинарите поради малата средина во која функционираат овие медиуми, како и поради изразените клиентелистички врски на сопствениците со градоначалниците и другите локални моќници. Во оваа насока, Иван Бојаџиски, поранешен дописник на „Утрински весник”[61] вели: „*Новинарската слобода е слободата на сопственикот на медиумот да каже што е, а што не е избор на тема за која треба да се известува. Новинарите се слободни само во однос на вестите за цените на доматите и краставиците на пазарите*“.

57 Според годишниот извештај на Фридом хаус, Македонија во 2016 година припаѓа на групата земји кои имаат (не)слободни медиумите. Извештајот на може да го најдете на следната веб страна: https://freedomhouse.org/report/freedom-world/2017/macedonia.

58 Здружение на новинарите на Македонија, “Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите [МАКЕДОНИЈА]”, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0-%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%D0%9F%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%B7%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D1%82%D0%B50%D0-%BF%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B1%D0%BE%D0%B4%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B8-%D0%B1%D0%B5%D0%B7%D0%B1%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%9C%D0%9A-%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D0%B5%D0%BC%D0%B2%D1%80%D0%B8-2016.pdf

59 Новинар кој сака да остане анонимен, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017.

60 Младен Чадиковски, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017.

61 Иван Бојаџиски, интервју со член на тимот на ЗНМ, интервју од јули 2017 година.

Ц

# Безбедноста и статистиката на неказнивост

Во Македонија не се гарантира безбедноста на новинарите во извршувањето на нивните професионални обврски. За да се спречат новинарите да ги истражуваат злоупотребите на власта, тие постојано се изложени на притисоци, закани и напади од нивна страна. Политиката на неказнивост на насилството против новинари е главна причина за лошата состојба со слободата на говорот во Македонија. Поради прогонот на новинари, Фридом хаус Македонија ја третира како земја со хибриден режим, со заробени медиуми.

## Ц1. Статистика за безбедност и неказнување

Последната година, во периодот од септември 2016 до крајот на август годинава, насилството против новинарите во Македонија продолжи речиси со ист интензитет како и во претходните години. Во споредба со првите шест месеци од 2016 година, годинава има помал број напади, но тие беа подиректни и побрутални. Ако до лани претходната влада на ВМРО-ДПМНЕ се обидуваше формално да се оградува од нападите и да ја скрие нејзината поврзаност со напаѓачите, во првата половина на 2017 година таа поврзаност стана поочигледна. Во различни форми на напади врз новинари отворено се вклучија државни и партиски функционери на ВМРО-ДПМНЕ, како и нивни симпатизери и поддржувачи, организирани во здруженија на граѓани.

Во период од една година, Здружението на новинарите регистрираше вкупно 18 напади врз новинари, со што нивниот вкупен број во последните четири години порасна на над 50. Годинава, од 18 напади, 6 беа физички напади, а 7 беа вербални закани, додека пак останатите 5 се однесуваат на навреди, забрана за известување од јавен настан или уништување на приватен имот на новинарите.

Според Советот на Европа, Македонија спаѓа во групата европски земји со авторитарни режими, како што се Русија, Турција и Азербејџан, каде сè уште има новинари во затвор. Новинарот Зоран Божиновски една и пол година беше задржан во притвор, откако во април 2016 година беше незаконски екстрадиран од Србија како осомничен за извршување кривични дела поврзани со шпионирање, злосторничко здружување и уцена. Годинава, кон средината на јули, три дена пред да истече крајниот законски рок за задржување во притвор, Божиновски беше пуштен да се брани од слобода. Ваквата одлука не беше резултат на добра волја на судот, туку на непостоење законска можност на новинарот да му се продолжи притворот за нови 30 дена.

ЗНМ одблизу го следеше неговото судење, на кое обвинителот во текот на неколку рочишта не успеа да ја докаже вината. Напротив, некои од сведоците на Обвинителството сведочеа во прилог на обвинетиот. Додека Божиновски беше притворен, ЗНМ постојано јавно ги повикуваше судските органи да ја укинат мерката притвор, затоа што немаше ниедна сериозна причина за тоа. За таа цел во септември 2016 година беше организиран протест пред Основниот суд I во Скопје, но судијата ги игнорираше повиците на новинарите нивниот колега да се брани од слобода.

Од шест физички напади врз новинари што се случиле во последната година, еден е најсериозен. На 27 април 2017 година, откако новото парламентарно мнозинство избра претседател на Собранието, приврзаници на поранешниот премиер Никола Груевски влегоа насилно во зградата на Парламентот со цел да го спречат конституирањето на новата власт произлезена од декемвриските предвремени парламентарни избори. Тие не само што ги нападнаа физички пратениците на новото парламентарно мнозинство, туку нивниот гнев го истурија и врз новинарите што известуваа за работата на Парламентот. Над 20 новинари беа физички нападнати, заплашувани со оружје, спречени да известуваат од настаните и им беше насилно одземена и уништена опремата. Таа вечер, собраниските известувачи беа практично киднапирани од овие насилници, а полицијата со часови одбиваше да им пружи заштита. За овој инцидент Обвинителството уште води истрага, разговара со оштетените новинари, но досега не се покренати никакви обвиненија. Шест новинари пријавија во ЗНМ дека вечерта биле нападнати, а од полицијата има и официјална информација дека таа вечер новинарка на телевизијата Алсат-М се здобила со физички повреди кои потоа биле констатирани од доктор. Но, полицијата нема одговор кој ја нападнал новинарката, ниту пак е покрената каква било истрага за тоа. ЗНМ на погодените новинари им обезбеди адвокатска помош со цел да ги заштитат своите права пред правосудните органи.

На упадот во Собранието му претходеа секојдневни протести во главниот град организирани од Граѓанската иницијатива „За заедничка Македонија", зад која всушност стоеше владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ. Тие се противеа опозиционата СДСМ да формира влада со албанските партии, затоа што со тоа ќе се федерализирана Македонија. Кон крајот на март, по завршувањето на протестната прошетка по улиците на Скопје, учесници на протестот физички нападнаа новинарска екипа на порталот А1Он[62]. ЗНМ го осуди нападот и го повика лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски да ги повика неговите приврзаници да престанат да напаѓаат новинари. Овој напад полицијата успеала да го расветли и да покрене постапка пред Јавното обвинителство. Против едно лице е поднесена кривична пријава за насилство.

Трет сериозен физички напад врз новинар се случи во октомври минатата година пред Министерството за внатрешни работи. Новинарот на Телевизија Телма, Павле Беловски[63] беше физички нападнат од лице со криминално досие додека во живо известуваше за увидот на Специјалното јавно обвинителство во работните

62 Здружение на новинарите на Македонија, "ЗНМ: Да не се известува од насилни протести", Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3043.

63 Здружение на новинарите на Македонија, "Нападот врз Беловски оркестриран од структури на МВР", Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=2754

простории на македонската тајна полиција, во врска со скандалот со прислушувањето. Полицијата успеала да го идентификува напаѓачот и му поднела барање за поведување прекршочна постапка за физички напад.

Необичен физички напад се случи во април годинава, кога припадници на патриотското здружение „Пере Тошев“ од Прилеп, блиски до тогашната владејачка партија, се обидоа физички да се пресметаат со новинарот на порталот Плусинфо, Божидар Барлакоски[64], во самиот центар на главниот град. Напаѓачите го бркале Барлакоски по улиците на Скопје, но тој успеал да им избега. Од полицијата нема информации во врска со овој инцидент.

Годинава физички се нападнати и други двајца новинари од блиски луѓе на опозициската ВМРО-ДПМНЕ, додека известуваа од терен.

Во август, новинарска екипа на порталот НОВА ТВ беше физички нападната од член на „Граѓанска иницијатива“ против градење на бегалски кампови во Македонија. Новинарката Сашка Цветковска[65] беше физички спречена да сними како членови на оваа иницијатива собираат потписи за референдум против изградба на бегалски кампови. Новинарката ги истражуваше врските меѓу наводната граѓанска иницијатива и градоначалникот на скопската Општина Аеродром Ивица Коневски, кој е од редовите на опозициската ВМРО-ДПМНЕ. Таа откри дека зад иницијативата за собирање потписи стојат вработени во Општината и наставнички од општинските основни училишта, кои собираа потписи во текот на работното време и користеа инвентар од училиштето. Полицијата наредниот ден го идентификуваше напаѓачот и веднаш го повикала на информативен разговор во полициска станица. Нема информации за тоа кои понатамошни мерки ги преземала полицијата.

Сличен напад се случи во јуни во градот Штип, каде што телевизиска екипа на телевизијата 24 Вести беше спречена да снима градежни работи во објектот на Трговскиот центар. Приватното обезбедување на Трговскиот центар употребило физичка сила против новинарот Иван Камчев[66], со цел да го спречи да сними прилог, при што новинарот добил и вербални закани и му била оштетена камерата. Нема информации за постапувањето на полицијата.

Освен физичките напади, последната година во Македонија се регистрирани и 7 вербални закани и навреди на новинари. Овие напади беа координирани од претходната владејачка партија, која во тој период водеше жестока кампања против критичките медиуми и новинари, обвинувајќи ги за предавство на националните интереси. Во оваа кампања на ВМРО-ДПМНЕ се приклучуваа и државни и партиски функционери, кои агресивно им се закануваа на новинарите, дури и со ликвидација. Во два најсериозни вербални напади имаше и експлицитни смртни закани, повикување на насилство и говор на омраза.

Во јануари, директорот на Архивот на Македонија Филип Петровски[67] објави говорна порака на Фејсбук, во која повикува на конечна пресметка со медиумите финансирани од Фондацијата Сорос. Пораката е еклатантен пример на повикување на линч против критичките новинари. Во овој контекст, Петровски метафорично се повикува на контроверзни личности од историјата кои се познати како атентатори. Со тоа тој имплицитно испрати порака дека новинарите што работаат во овие медиуми треба да бидат ликвидирани.

Уште подиректни смртни закани кон новинари истиот месец упати и актерот и уметнички директор на Македонскиот народен театар во Скопје Тони Михајловски[68]. Тој на неговиот Фејсбук-профил напиша дека „без да му трепне око“ може да го убие новинарот Тричковски, кој беше жесток критичар на владата на ВМРО-ДПМНЕ. ЗНМ до Јавното обвинителство достави барање за кривично гонење на Михајловски за говор на омраза и повикување на насилство.

Во последните вербални закани на новинари се атакува на нивниот физички интегритет. Во јули, градоначалникот на Општина Ново Село Блажо Велков[69], од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, физички ја спречи новинарската екипа на ТВ ВИС од Струмица да известува од седницата на Советот на Општината, на која требаше да се расправа за распишување референдум против отворање рудник.

64 Здружение на новинарите на Македонија," Осуда на нападот врз новинарот Барлакоски", Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3195
65 Здружение на новинарите на Македонија, "Осуда на нападот врз екипата на НОВА ТВ", Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3678.
66 Здружение на новинарите на Македонија," ЗНМ ги осудува нападите и заканите кон новинарите на 24 Вести и Порталб", Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3392.
67 Здружение на новинарите на Македонија, "Осуда на вербалното насилство на власта против новинарите", Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=2924.
68 Здружение на новинарите на Македонија, "Остра осуда на смртните закани кон Тричковски", Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3413.
69 Здружение на новинарите на Македонија, "ЗНМ го осудува вербалниот напад кон новинарите на ТВ ВИС во општина Ново Село", Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3592

Истиот месец, сличен инцидент предизвикаа активисти на владината албанска партија ДУИ[70] во скопската Општина Чаир. Тие со вербални закани спречиле телевизиска екипа од ТВ Шења да известува за нерешените комунални проблеми во населбата Дуќанџик.

Поранешниот министер за правда и активист на владината ДУИ во скопската Општина Сарај Блерим Беџети[71], во јули, преку трето лице упатил вербални закани на новинарката на порталот Портабл, Елида Зилбехари, да не објави критички текст за партиските превирања во неговата матична партија.

Сличен инцидент со новинари предизвика и поранешниот пратеник и активист на СДСМ Есад Рахиќ[72], кој во февруари преку медиумите упати отворена закана до новинарите да внимаваат што пишуваат за неговиот брат, осомничен за трговија со дрога. Рахиќ тогаш предупреди дека неговото семејство има многу пријатели и не може да гарантира како ќе реагираат тие кога ќе ги сретнат на улица новинарите што пишуваат непроверени информации за нивниот пријател.

Вербални закани по телефон на новинарот на порталот Тетово Сот, Рами Мислими, во септември минатата година му упатил министерот за економија од редовите на ДУИ, Башким Ахмети[73]. Министерот се налутил зашто новинарот објавил критички текстови за неговата работа.

Трета форма на загрозување на безбедноста на новинарите во Македонија се навредите и понижувањата упатени кон новинари од разни претставници на власта.

Во март, тогашната власт во заминување на ВМРО-ДПМНЕ спроведе широка кампања против новинари и јавни личности со цел да ги навреди и застрашува. Беа организирани млади луѓе во тројки, со поделени улоги, кои одеа по домовите на новинарите со цел да ги заплашуваат и понижуваат

Најеклатантен пример беше ненајавената „посета“ на патриотските тројки, во станот на новинарот Тричковски[74], каде што се обидоа со сила да влезат за да му пренесат порака дека е предавник и дека треба да се срами поради тоа.

Во оваа кампања на застрашување истата недела настрада и новинарот Борјан Јовановски[75]. Тој беше пресретнат во ресторан од организирани тројца млади луѓе, кои прво јавно пред присутните гости го навределе нарекувајќи го предавник, а потоа и го исплукале в лице. На ваквите брутални провокации Јовановски реагирал смирено и избегнал физички конфликт. Во врска со овој инцидент полицијата констатирала сторени прекршоци против јавниот ред и мир. Пријавите не се поднесени, бидејќи сторителите не се идентификувани, иако инцидентот беше снимен со мобилен телефон и објавен на каналот Јутјуб.

Во Македонија стана практика носители на високи државни функции да навредуваат новинари. Во октомври минатата година, вицепремиерот за економски прашања Владимир Пешевски[76], после прес-конференција во Владата, на која ги претставуваше успесите на неговата работа, ја нарекол „проститутка” новинарката на дневниот весник „Вест”, поради тоа што поставила непријатно прашање.

Сличен инцидент предизвика и претседателот на Судскиот совет Зоран Караџовски[77], кој во февруари годинава, во изјава за медиуми, известувањата на новинарите за распределувањето на судиите од Кривичниот во Прекршочниот суд, ги оцени како театрални вулгарности, а новинарите ги етикетираше како „самонаречени новинари“. Поради ваквиот инцидент, ЗНМ од Караџовски побара јавно да им се извини на новинарите.

70 Здружение на новинарите на Македонија, “Осуда на заканите на симпатизери на ДУИ кон ТВ Шења”, Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3573

71 Здружение на новинарите на Македонија, “ЗНМ ги осудува нападите и заканите кон новинарите на 24 Вести и Порталб”, Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3392

72 Здружение на новинарите на Македонија, “Осуда на заканите на Рахиќ против новинарите”, Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3026

73 Здружение на новинарите на Македонија, “Осуда на заканите на министерот Ахмети врз новинарот Мислими”, Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=2679

74 “Младите до Тричковски: Како не ти е срам, предавник еден!”, YouTube, Последен пат изменето март 1, 2017, https://www.youtube.com/watch?v=4L6glPy4PNI

75 “Напад врз Борјан Јовановски”, YouTube, Последен пат изменето март 2, 2017: https://www.youtube.com/watch?v=p-Gp0FWNW_4

76 Здружение на новинарите на Македонија, “Пешевски или да даде оставка или да го разрешат!”,Скопје, 2016, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=2776

77 Дефо Даниел, “Караџовски: СЈО е инфантилно, новинарите се пристрасни”, Зурнал.нет, февруари 1, 2017. Пристапено ноември 29, 2017: http://zurnal.net/?tag=%D0%B7%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%BD-%D0%BA%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%9F%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8

## Ц.2. Дали државните институции и политичките актери преземаат одговорност за заштитата на новинарите?

Министерството за внатрешни работи во јули годинава, по претходно писмено барање на ЗНМ, достави извештај во врска со нападите врз новинари во изминатите пет години. Според овој извештај, во последните пет години, полицијата регистрирала вкупно 44 напади, од кои 28 во Скопје, 14 во Охрид и два во Струмица. Од 44 напади, полицијата успеала да реши десет, за што се поднесени пет кривични и пет прекршочни пријави. Три кривични пријави се поднесени за насилство, додека една за тешка телесна повреда и една за изнуда. Две од прекршочните пријави се однесуваат за тепачка, а по една за прекршок за физички напад, непристојно однесување и оддавање на пијанство.

МВР не постапило за 21 напад против новинари затоа што 16 напади за кои јавно реагирало ЗНМ не биле пријавени во полиција, а пет случаи биле пријавени, но полицијата тврди дека новинарите не доставиле доволно податоци за да може МВР да презема мерки.

Од доставените податоци најмногу внимание привлекуваат 18 инциденти коишто за пет години се случиле во Охрид против сопственикот на Веб портал Сашо Денесовски. Тој за четири години бил изложен на разни форми на закани, напади и притисоци. Најсериозен напад се случил во 2014 година, кога физички бил нападнат со цел да се изнудат пари, а во 2015 година физички бил нападнат од непознати лица со метални шипки (прачки), при што му биле нанесени тешки повреди во пределот на главата и рацете. За овој напад МВР поднело кривична пријава против непознат сторител.

Во последните десет години во Македонија загинаа двајца новинари во многу нејасни и чудни околности, иако официјалната истрага тврдеше дека се работи за самоубиство, односно за сообраќајна несреќа.

Првиот трагичен настан се случи во 2008 година, кога новинарот Владо Таневски, осомничен за серија убиства во Кичево, наводно се самоубил во затворот во Тетово[78]. Според извештајот од обдукцијата, тој се самоубил во затворската ќелија давејќи се во кофа со вода. Ваквиот извештај на обдукцијата наиде на негодување во јавноста, поради нелогичното објаснување за тоа како е можно човек да се удави во кофа, но официјални реакции за овој контроверзен настан немаше ниту од тогашното Здружение на новинарите, ниту од тогашната опозиција.

78 "Како успеал да се удави во кофа", Вечер јуни 24, 2008. Пристапено ноември 27, 2017: http://vecer.mk/kako-uspeal-da-se-udavi-vo-kofa.

Вториот трагичен инцидент се случи во 2013 година, кога новинарот и сопственик на независниот неделник Фокус Никола Младенов[79], загина во сообраќајна несреќа во близина на Скопје. Официјалната истрага утврди дека се работи за несреќа и ги негираше сомневањата во јавноста дека се работи за убиство[80]. Тогашната опозиција, СДСМ, фрли сомнеж врз веродостојноста на официјалната истрага и објавуваше информации дека причината за смртта на Младенов наводно не била несреќа[81]. Освен тоа, ЗНМ тогаш побара независна истрага, со цел да се утврди точно под кои околности загинал новинарот.

Изминатата година, Здружението на новинарите на Македонија беше објект на вербален напад од страна на претходната владејачка партија ВМРО-ДПМНЕ. Годинава, во едно јавно соопштение[82], партијата го нападна ЗНМ за лажни обвинувања за тоа дека работи во интерес на опозициската СДСМ и на Фондацијата Сорос. Честа мета на нападите на претходната власт беше и претседателот на ЗНМ Насер Селмани. Во соопштение за јавноста од март годинава[83], ВМРО-ДПМНЕ го обвини Селмани дека лаже и ја манипулира јавноста кога тврди дека зад нападите против новинари стои власта.

Слични јавни напади[84] на сметка на ЗНМ и неговиот претседател, ВМРО-ДПМНЕ упатуваше јавно и во претходниот период, со цел да се урива угледот и кредибилитетот на Здружението во очите на новинарите и на јавноста. Ваквата агресивна негативна кампања на претходната власт против ЗНМ беше широко поддржана и од провладините медиуми[85], кои дури пренесуваа лажни обвинувања за наводно вмешување на Здружението во перење пари, кои никогаш не се докажаа.

79 "Познатиот новинар Никола Младенов загина во сообраќајна несреќа", Мкд.мк, март 27, 2013, Пристапено ноември 27, 2017: https://www.mkd.mk/crna-hronika/poznatiot-novinar-nikola-mladenov-zagina-vo-soobrakjajna-nesrekja

80 "Обвинителството го заклучи случајот Младенов како несреќа" 24вести, јули 10, 2013, Пристапено ноември 27, 2017: http://24vesti.mk/obvinitelstvoto-go-zatvori-sluchajot-mladenov-kako-nesrekja

81 "Опозицијата со шокантни податоци за смрта на Младенов", Фактор, мај 7, 2015. Пристапено ноември 27, 2017: http://vesti.mk/read/news/5365517/2029572/opozicijata-so-shokantni-podatoci-za-smrtta-na-nikola-mladenov

82 ВМРО-ДПМНЕ, "ЗНМ ја користи потполно истата реторика и истите лажни обвинувања како и СДСМ/Сорос", Скопје: 2017, ноември 28, 2017: https://vmro-dpmne.org.mk/pres-centar/soopshtenija/znm-ja-koristi-potpolno-istata-retorika-i-istite-lazhni-obvinuvanja-kako-i

83 ВМРО-ДПМНЕ, "Насер Селмани лаже и манипулира поврзувајќи го ВМРО-ДПМНЕ со нападот на новинарите", Скопје: 2017, пристапено ноември 28, 2017: https://vmro-dpmne.org.mk/pres-centar/soopshtenija/naser-selmani-lazhe-i-manipulira-povrzuvajkji-go-vmro-dpmne-so-napadot-na.

84 ВМРО-ДПМНЕ, "Насер Селмани очигледно има намера со своите ставови само да подгрева меѓуетничка нетрпеливост", Скопје: 2014, пристапено ноември 29, 2017: https://vmro-dpmne.org.mk/node/2972

85 "Латас: Ајде да ги објавиме јавно нашите примања па да видиме кој е платеник", Пресс24.МК, (ДАТУМ), 2013. Пристапено ноември 27, 2017: http://press24.mk/latas-ajde-da-gi-objavime-javno-nashite-primanja-pa-da-vidime-koj-e-platenik.

## Ц.3. Дали кривичниот и граѓанскиот судски систем ефикасно се справува со заканите и насилството врз новинарите?

Државните институции и политичките актери во Македонија не ја преземаат одговорноста да ја осигурат безбедноста на новинарите. Самиот факт што досега ниеден напад врз новинар не е целосно расветлен и ниеден напаѓач не е казнет, зборува за вистинскиот однос на власта и политичарите кон појавата на насилство врз новинари. Уште позагрижувачки е фактот што најголем дел од нападите врз новинари доаѓаа токму од претставници на власта или од нивни симпатизери.

Односот на институциите и на политичарите кон безбедноста на новинарите во позитивна смисла се смени со промената на власта. Претходната власт на ВМРО-ДПМНЕ, која во април годинава премина во опозиција, не само што не ја преземаше одговорноста за безбедноста на новинарите, туку беше главен инспиратор на насилството кон новинарите. За 11 години од нејзиното владеење во Македонија се воспостави политика на не казнивост на насилството врз новинарите. Последната година, од 18 разни видови напади против новинари, 17 беа преди-звикани од државни и партиски функционери на ВМРО-ДПМНЕ и од владини функционери на ДУИ. Само во еден случај, вербална закана до новинари упати поранешен пратеник и активист на СДСМ.

Претходната власт беше глува на сите повици на Здружението на новинарите да запре насилството против колегите. Најчесто државните институции ги игнорираа барањата на ЗНМ за информации во врска со истрагите против напаѓачите на новинарите, а во исклучителни ситуации беа давани одговори со кои практично се негираа инцидентите дека или воопшто не се случиле, или пак дека полицијата не успеала да открие што точно се случило.

Промената на односот на институциите кон безбедноста на новинарите започна во времето на техничката влада од 2016 година, која требаше да спроведе предвремени избори. Тогаш техничкиот министер за внатрешни работи од редовите на ДУИ Агим Нухиу[86] покажа подготвеност да ги сослуша забелешките на ЗНМ и да се ангажира во расветлувањето на сите напади против новинарите. Нухиу, во март годинава, го посети ЗНМ, при што информираше дека полицијата успеала да го идентификува напаѓачот на новинарите на А1Он и поднела кривична пријава за насилство.

Посериозен дијалог меѓу ЗНМ и полицијата се случи по изборот на новата Влада во јуни годинава. Новиот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски[87] подготви целосен извештај за сите напади против новинари, од кој се дознава дека бројот на напади е поголем од евиденцијата на ЗНМ. Тоа покажува дека дел од новинарите нападите ги пријавиле само до полицијата и не сакале да ги споделат со јавноста и ЗНМ.

Меѓутоа, во извештајот на МВР немаше имиња на нападнатите новинари, туку случаите се забележани со нивните иницијали. Затоа, ЗНМ до полицијата упати ново барање за добивање дополнителни податоци за нападите за да може да се споредат со нашиот регистар. Новите податоци беа доставени кон средината на септември, при што полицијата го упатува ЗНМ за натамошни информации да се обрати до Јавното обвинителство.

Во Македонија, за жал, државните институции сѐ уште немаат развиено посебни политики кои би помогнале да се зголеми безбедноста на новинарите. Дури, во државните институции кои се одговорни за следење на состојбата со безбедноста на новинарите, како што се полицијата, обвинителството и судството, нема посебни институционални механизми за следење и известување за заканите, заплашувањето и насилството против новинари.

На последната средба со министерот за внатрешни работи Спасовски, којашто се одржа во јули годинава, беше разговарано и за можноста полицијата да води посебен регистар на напади врз новинари. ЗНМ достави образец според кој полицијата во иднина одвоено би ги регистрирала нападите врз новинари. Но, досега од МВР нема доставено одговор за тоа дека почнале да водат ваков посебен регистар на нападите врз новинари.

За да биде ситуацијата уште полоша, од судовите и обвинителството не може да се добие каков било податок во врска со предметите што полицијата ги доставува за нападите врз новинари. За потребите на ова истражување беше доставено официјално барање до Основниот суд 1 во Скопје и до Основното јавно обвинителство во Скопје, за да доставаат податоци за сите покренати предмети во врска со нападите врз новинари. Но, наместо одговор со податоци, беше доставен допис со објаснување дека такви информации не можат да му се доставаат на ЗНМ, бидејќи во електронскиот систем предметите биле означени со броеви, а не со имиња, така што не можат да се издвојат само предметите што се однесуваат на напади врз новинарите.

Нападите врз новинари во Македонија единствено ги регистрира Здружението на новинарите на Македонија, кое за таа цел води посебен регистар. Државните институции, никогаш на своја иницијатива не објавиле податоци за безбедноста на новинарите. Освен тоа, тие досега беа многу затворени и најчесто не сакаа да му доставаат информации на ЗНМ за ова прашање.

Во врска со досегашните предмети, полицијата последната година поднесе пријави до обвини-

86 Здружение на новинарите на Македонија, "ЗНМ бара казнување на насилството против новинари", Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3119.

87 Здружение на новинарите на Македонија, "МВР го расветли нападот на новинарите на А1 Он", Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3587.

телството, но од таму е неможно да се добие информација во која фаза од постапката се овие предмети и дали воопшто е постапено по нив.

Нападите врз новинари сè уште не се препознаени од Владата како напади врз слободата на говорот и човековите права. Иако ЗНМ ги охрабруваше владините функционери јавно да ги осудат нападите врз новинари, досега само премиерот Зоран Заев[88] во една пригода, јавно изјави дека насилството врз новинарите е неприфатливо. Политичките партии[89] само во ретки случаи ги осудуваат актите на загрозување на безбедноста на новинарите.

Досега институциите немаат усвоено посебни документи со насоки како полицијата и војската треба да се однесуваат кон новинарите и медиумите, во кои би ги предупредиле дека заплашувањето, заканите и физичките напади врз новинари се забранети.

Во 2008 година, ОБСЕ подготви Прирачник за демократско полициско работење[90], каде во едно поглавје кратко е третирано прашањето за односот на полицијата со медиумите. Во тој дел, меѓу другото, се истакнува важноста на обуката на полициските службеници во врска со работата на медиумите. Меѓутоа, досега нема информации дека такви обуки се одржани, ниту дека постојат внатрешни процедури со кои се уредува односот на полициските службеници со новинарите и се забрануваат заплашување, закани и физички напади.

Со претходната влада на ВМРО-ДПМНЕ ЗНМ речиси немаше комуникација, затоа што владините и партиските функционери на оваа партија постојано одбиваа да се сретнат со раководството на ЗНМ и да разговараат за проблемите на новинарите. Единствената причина за немањето комуникација беа критиките што Здружението ги упатуваше на адреса на владејачката партија поради лошите медиумски политики кои доведоа Македонија да падне на дното на индексот за слободата на говорот во Европа и во светот.

Новата власт покажува поголем интерес да соработува со ЗНМ со цел да се надминат проблемите со кои се соочуваат новинарите. Најважно е новата власт да ги казнува насилниците на новинари, како основен предуслов за обезбедување поволен амбиент за нивната непречена работа.

88 “(VIDEO) ZAEV: Të dënohen kërcënuesit e ekipit të tv shenja-sroze.cf, 2017”, Шења, јуни 19, 2017. Пристапено ноември 30, 2017: http://fax.al/read/news/10870778/15433323/zaev-te-denohen-kercenuesit-e-ekipit-te-tv-shenja-s.

89 “Partitë politike kërkojnë përgjegjësi për kërcënuesit e TV SHENJA”. АЛМАКОС, јули 20, 2017. Пристапено ноември 29, 2017: http://www.almakos.com/video-partite-politike-kerkojne-pergjegjesi-per-kercenuesit-e-tv-shenja

90 ОБСЕ, Прирачник за демократско полициско Работење од Вишиот полициски советник на Генералниот секретар на ОБСЕ, Виена: 2008. Пристапено ноември 29, 2017: http://www.osce.org/mk/secretariat/109907?download=true.

Новиот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски покажа поголема иницијатива за брзо расветлување на новите напади врз новинари, брзо се идентификуваат напаѓачите и се покренуваат пријави до Обвинителството. Освен тоа, за резултатите од истрагите ги информира претставниците на ЗНМ. Доколку ваквата добра соработка со новата Влада продолжи, тоа ќе ги обесхрабри напаѓачите на новинари дека секое насилство врз нив остро ќе се казнува.

Кривичниот и правниот систем во Македонија не се справува ефикасно со заканите и актите на насилство против новинари. Фактот дека од над 50 разни напади врз новинари, во ниту еден случај нема судска разрешница, ниеден напаѓач на новинар не е казнет, го покажува индолентниот однос на институциите кон овој проблем. Во институциите нема посебни одделенија одговорни за истрага, гонење и заштита на безбедноста на новинарите. Нема ниту посебни процедури што се применуваат за справување со таквото насилство кое е насочено против слободата на говорот и слободата на медиумите.

Не се издвојуваат посебни средства за спроведување на истрагите за заканите и нападите врз новинари, ниту се преземаат сериозни мерки како одговор на тие напади. Речиси за половина од нападите врз новинари полицијата воопшто не води истрага затоа што тие не биле пријавени, иако за тоа медиумите постојано известуваа, а ЗНМ постојано јавно реагираше. Освен тоа, десет отсто од пријавените инциденти полицијата воопшто не ги земала предвид затоа што наводно новинарите не доставиле доволно податоци за натамошна истрага.

За последните пет години само во една прилика МВР го известило Јавното обвинителство во врска со сериозна закана по животот на еден новинар. Во еден случај ЗНМ јавно ја повика полицијата за загрозување на безбедноста на новинари, кои беа изложени на агресивна хајка од страна на провладини медиуми кои ги оцрнуваа новинарите како предавници и соработници на странски разузнавачки служби. Ниедна институција не го извести ЗНМ или самите новинари за мерките што се преземени да се гарантира нивната безбедност.

Македонските органи не се во состојба ефикасно да ги гонат напаѓачите на новинари, а за гонење на поттикнувачите и организаторите не може ни да стане збор. За повеќе од 50 напади врз новинари, на обвинителна клупа нема ниту еден поттикнувач или организатор, затоа што во најголем дел од нападите беа вклучени високи претставници на власта или нивни блиски луѓе. За жал, во некои од нападите врз новинари беа вклучени директно и припадници на полицијата, кои по правило треба да ги заштитуваат новинарите. Државата не обезбеди никаква обука за припадниците на полицијата, обвинителството, адвокатите и судиите за важноста на заштитата на слободата на говорот и на новинарите.

# Прилог

## Листа на интервјуирани лица

| |
|---|
| 1. Др. Снежана Трпевска, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017. |
| 2. Дарко Чекеровски, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2107. |
| 3. Зоран Фиданоски, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017. |
| 4. Новинар кој сака да остане анонимен, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017. |
| 5. Младен Чадиковски, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017. |
| 6. Иван Бојаџиски, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017. |
| 7. Тамара Чаусидис, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017. |
| 8. Новинар кој сака да остане анонимен, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017. |
| 9. Новинар кој сака да остане анонимен, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017. |
| 10. Новинар кој сака да остане анонимен, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017. |

# Библиографија

## Правни документи


1. Европски суд за човековите права, Жалба бр. 67259/14, 09/02/2017, Случај Селмани и други против Република Македонија " Пристапено ноември 30, 2017: http://hudoc.echr.coe.int/eng#{"itemid":["001-170839.
2. МРТ, "Етички кодекс на МРТ за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во МРТ", Скопје: 2017, пристапено на ноември 29, 2017: http://www.mrt.com.mk/sites/default/files/%D0%95%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8%20%D0%BA%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D1%81%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%9C%D0%A0%D0%A2_0.pdf.
3. Закон за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги на Република Македонија. Службен весник на Република Македонија 184/12, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16.
4. Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Службен весник на РМ, 143/2012.http://www.pravo.org. mk/documentDetail.php?id=6426br.143/2012.
5. Законот за медиуми на Република Македонија.
6. Закон за медиуми на Република Македонија. Службен весник на Република Македонија 184/13 и 13/14.

7. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, Службен весник на Република Македонија, 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16.
8. Изборен законик на Република Македонија.
9. Устав на Република Македонија. Службен весник на Република Македонија. Уставот беше донесен и прогласен од страна на Собранието на Република Македонија на 17 ноември 1991 година во Скопје. Објавен во "Службен весник на РМ" број 52 на 22 ноември, 1991 година. Составен дел од Уставот се Амандманите I и II, објавени во "Службен весник на РМ" бр. 1 на 10 јануари 1992 година; Амандманот III, кој е објавен во "Службен весник" бр. 31 на 02 јули 1998 година; Амандманите IV-XIII, објавени во "Службен весник на РМ" бр. 91 на 20 ноември 2001 година; Амандманот XIX, објавен во "Службен весник на РМ" број 84 на 30 декември 2003 година и

## Документи за политики

1. Договорот од Пржино. Пристапено ноември 21, 2017: https://www.mkd.mk/makedonija/politika/dui-go-objavi-celosniot-dogovor-na-liderite-od-2-juni.
2. Рајнхард Прибе, и др. Поранешна Југословенска Република Македонија: Препораки на вишите експерти. Брисел: Јуни 8, 2015: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf.
3. ОБСЕ, Поранешна Југословенска Република Македонија – Предвремени парламентарни избори 11 декември 2016 – Набљудувачка мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР. Варшава: 2017, 19. Пристапено ноември 29, 2017: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/302261?download=true.
4. Влада на Република Македонија, Планот 3-6-9. Пристапено на ноември 21, 2017: http://www.sep.gov.mk/data/file/Dokumenti/Plan%203-6-9%20MK.pdf.

## Публикации

1. ААВМУ, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година (Скопје: ААВМУ, 2017), пристапено ноември 27, 2017: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Analinaliza_na_pazarot_ns_sudio_i_audiovizuelni_mediumski_uslugi_za_2016_godina.-min.pdf.
2. ОБСЕ, Прирачник за демократско полициско Работење од Вишиот полициски советник на Генералниот секретар на ОБСЕ, Виена: 2008. Пристапено ноември 29, 2017: http://www.osce.org/mk/secretariat/109907?download=true.
3. Небиу Б., Селмани Н., Секуловски Д., 2017, Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите [МАКЕДОНИЈА].
4. Фридом хаус, Профил на Македонија – Слобода на печат 2017, Пристапено ноември 29, 2017: https://freedomhouse.org/report/freedom-press/2017/macedonia.

## Онлајн текстови

1. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Допис до МРТ, Скопје: Мај 3, 2017, пристапено на: ноември 27, 2017: http://trinity.mk:53000/wp-content/uploads/2017/05/Dopis_do_Programski_sovet_na_MRT.pdf.
2. "Агенција за медиуми констатираше говор на омраза на Сител", Ако.мк, Последен пат изменето на ноември 21, 2017: http://ako.mk/%D0%B0%D0%B3%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC%D0%B8-%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%88%D0%B5-%D0%B3%D0%BE%D0%B2/.
3. Виктор Дано, "Се кршат копја за регулирање на онлајн медиумите и блогерите" Ит.мк., јануари 21, 2016. Пристапено ноември 30, 2017: https://www.it.mk/se-krshat-kopja-za-regulirane-na-onlajn-mediumite-i-blogerite/.

4. Влада на Република Македонија. “Претходната влада потрошила 38 милиони евра за медиумски кампањи и за истражување на јавното мислење”. Пристапено ноември 21, 2017: http://vlada.mk/node/13464.
5. ВМРО-ДПМНЕ, “ЗНМ ја користи потполно истата реторика и истите лажни обвинувања како и СДСМ/Сорос”, Скопје: 2017, ноември 28, 2017: https://vmro-dpmne.org.mk/pres-centar/soopshtenija/znm-ja-koristi-potpolno-istata-retorika-i-istite-lazhni-obvinuvanja-kako-i
6. ВМРО-ДПМНЕ, “Насер Селмани лаже и манипулира поврзувајќи го ВМРО-ДПМНЕ со нападот на новинарите”, Скопје: 2017, пристапено ноември 28, 2017: https://vmro-dpmne.org.mk/pres-centar/soopshtenija/naser-selmani-lazhe-i-manipulira-povrzuvajkji-go-vmro-dpmne-so-napadot-na.
7. ВМРО-ДПМНЕ, “Насер Селмани очигледно има намера со своите ставови само да подгрева меѓуетничка нетрпеливост”, Скопје: 2014, пристапено ноември 29, 2017: https://vmro-dpmne.org.mk/node/2972.
8. Дефо Даниел, “Караџовски: СЈО е инфантилно, новинарите се пристрасни”, Зурнал.нет, февруари 1, 2017. Пристапено ноември 29, 2017: http://zurnal.net/?tag=%D0%B7%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%BD-%D0%BA%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%9F%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8
9. “(ИНТЕГРАЛНО) Целиот извештај на Рајнхард Прибе за криминалот, корупцијата и прислушувањето” Локално, 19 јуни, 2015, пристапено: 27 ноември, 2017, http://lokalno.mk/integralno-celiot-izveshtaj-na-rajnhard-pribe-za-kriminalot-korupcijata-i-prislushuvanjeto-na-vlasta/.
10. “Како успеал да се удави во кофа”, Вечер јуни 24, 2008. Пристапено ноември 27, 2017: http://vecer.mk/kako-uspeal-da-se-udavi-vo-kofa.
11. “Латас: Ајде да ги објавиме јавно нашите примања па да видиме кој е платеник”, Пресс24.МК, (ДАТУМ), 2013. Пристапено ноември 27, 2017: http://press24.mk/latas-ajde-da-gi-objavime-javno-nashite-primanja-pa-da-vidime-koj-e-platenik.
12. "Закон за медиуми: Новинарите со поделени ставови по прашањето кој е новинар", Телеграф.мк. Јули 30, 2016, пристапено ноември 27, 2017: http://www.telegraf.mk/aktuelno/makedonija/ns-newsarticle-19945-zakon-za-mediumi-novinarite-se-podelija-za-prasanjeto-koj-e-novinar.nspx.
13. Здружение на новинарите на Македонија,” ЗНМ ги осудува нападите и заканите кон новинарите на 24 Вести и Порталб”, Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3392.
14. Здружение на новинарите на Македонија, “Осуда на вербалното насилство на власта против новинарите”, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=2924.
15. Здружение на новинарите на Македонија, “Остра осуда на смртните закани кон Тричковски”, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3413.
16. Здружение на новинарите на Македонија, “ЗНМ го осудува вербалниот напад кон новинарите на ТВ ВИС во општина Ново Село”, Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3592
17. Здружение на новинарите на Македонија, “Осуда на заканите на симпатизери на ДУИ кон ТВ Шења”, Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3573
18. Здружение на новинарите на Македонија, “ЗНМ ги осудува нападите и заканите кон новинарите на 24 Вести и Порталб”, Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3392
19. Здружение на новинарите на Македонија, “Осуда на заканите на Рахиќ против новинарите”, Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3026
20. Здружение на новинарите на Македонија, “Осуда на заканите на министерот Ахмети врз новинарот Мислими”, Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=2679
21. “Напад врз Борјан Јовановски”, YouTube, Последен пат изменето март 2, 2017: https://www.youtube.com/watch?v=p-Gp0FWNW_4
22. Здружение на новинарите на Македонија, “Пешевски или да даде оставка или да го разрешат!”,Скопје, 2016, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=2776
23. Здружение на новинарите на Македонија, “ЗНМ бара казнување на насилството против новинари”, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3119.
24. Здружение на новинарите на Македонија, “МВР го расветли нападот на новинарите на А1 Он”, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3587.

25. Здружение на новинарите на Македонија, “Победи правдата за новинарите во Стразбур”, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=2998.
26. Здружение на новинарите на Македонија, “Повик до новинарите да тужат за насилството во Собранието”, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3245.
27. Здружението на новинарите на Македонија: http://znm.org.mk/?page_id=719&lang=en.
28. Здружение на новинарите на Македонија, “ЗНМ обезбеди етички кодекс за медиумите во Македонија”, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3776.
29. Здружение на новинарите на Македонија, “Да се одложи донесувањето на Етичкиот кодекс на МРТ”, Скопје, 2017 година, пристапено на: ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3102.
30. Здружение на новинарите на Македонија, “ЗНМ: Да не се известува од насилни протести”, Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3043.
31. Здружение на новинарите на Македонија, “Нападот врз Беловски оркестриран од структури на МВР”, Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=2754
32. Здружение на новинарите на Македонија,” Осуда на нападот врз новинарот Барлакоски”, Скопје, 2017 пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3195
33. Здружение на новинарите на Македонија, “Осуда на нападот врз екипата на НОВА ТВ”, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://znm.org.mk/?p=3678.
34. “ЗНМ ги поздрави наодите на меѓународните набљудувачи за медиумите”, MKD.MK, 13 декември 2016, пристапено ноември 27, 2017: https://www.mkd.mk/makedonija/politika/znm-gi-pozdravi-naodite-na-megjunarodnite-nabljuduvachi-za-mediumite.
35. Марулич Јаков Симона, „Македонските новинари ќе ја бараат правдата во Стразбур" БалканИнсајд, јуни 5, 2014 година, пристапено ноември 27, 2017: http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonia-journalists-to-seek-justice-.
36. “Младите до Тричковски: Како не ти е срам, предавник еден!”, YouTube, Последен пат изменето март 1, 2017: https://www.youtube.com/watch?v=4L6gIPy4PNI.
37. “Обвинителството го заклучи случајот Младенов како несреќа“ 24вести, јули 10, 2013, Пристапено ноември 27, 2017: http://24vesti.mk/obvinitelstvoto-go-zatvori-sluchajot-mladenov-kako-nesrekja.
38. “Опозицијата со шокантни податоци за смрта на Младенов”, Фактор, мај 7, 2015. Пристапено ноември 27, 2017: http://vesti.mk/read/news/5365517/2029572/opozicijata-so-shokantni-podatoci-za-smrtta-na-nikola-mladenov.
39. “Познатиот новинар Никола Младенов загина во сообраќајна несреќа”, Мкд.мк, март 27, 2013, Пристапено ноември 27, 2017: https://www.mkd.mk/crna-hronika/poznatiot-novinar-nikola-mladenov-zagina-vo-soobrakjajna-nesrekja.
40. “Познат составот на ад-хок телото”, Фокус, август 9, 2016, пристапено ноември 27, 2017: http://vecer.mk/makedonija/poznat-sostavot-na-ad-hok-teloto.
41. “Санта Аргирова нов уредник на информативната програма на МТВ”, Фокус, август 31, 2016, пристапено ноември 27, 2017: http://fokus.mk/santa-argirova-nov-urednik-na-informativnata-programa-na-mtv/.
42. ССНМ: http://ssnm.org.mk/?lang=en.
43. ССНМ, “Платата во медиумите заглавена под просекот”, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: https://ssnm.org.mk/%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B7%D0%B0%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%B4-%D0%BF%D1%80/.
44. ССНМ, Повелба за етичко известување за избори, Скопје, 2017, пристапено ноември 27, 2017: http://semm.mk/novosti-4/2015-08-11-15-03-18/499-povelba-za-etichko-izvestuvanje-za-izborite.
45. “(VIDEO) ZAEV: Të dënohen kërcënuesit e ekipit të tv shenja-sroze.cf, 2017”, Шења, јуни 19, 2017. Пристапено ноември 30, 2017: http://fax.al/read/news/10870778/15433323/zaev-te-denohen-kercenuesit-e-ekipit-te-tv-shenja-s.
46. “Partitë politike kërkojnë përgjegjësi për kërcënuesit e TV SHENJA”. АЛМАКОС, јули 20, 2017. Пристапено ноември 29, 2017: http://www.almakos.com/video-partite-politike-kerkojne-pergjegjesi-per-kercenuesit-e-tv-shenja.